ЦДХВ АД
01 - 491/1
06. 02. 26

ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР
ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА

**Февруари, 2026 година**

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ УПОТРЕБЕНИ ВО ИЗВЕШТАЈОТ

| | |
|---|---|
| **МБХВ** | **Македонска берза АД Скопје** |
| **ЦДХВ/Депозитар** | **Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје** |
| **КХВ** | **Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија** |
| **МФ** | **Министерство за финансии** |
| **НБРСМ** | **Народна банка на Република Северна Македонија** |
| **РСМ** | **Република Северна Македонија** |
| **АННА** | **Асоцијација на национални нумерички агенции (ANNA)** |
| **ЛЕИ** | **Идентификатор на правни лица (LEI)** |
| **ГЛЕИФ** | **Светска фондација за идентификатори на правни лица (GLEIF)** |
| **ИСИН** | **Меѓународен број за идентификација на хартии од вредност (ISIN)** |
| **ИОСЦО** | **Меѓународна организација на Комисии за хартии од вредност (IOSCO)** |

Содржина

1. Вовед 4
2. Деловно окружување 5
3. Информации за извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2024 година 7
4. Членки на Депозитарот 18
5. Управување со ризици 20
6. Активности во делот на информатичката технологија 22
7. Активности со набавка на нов апликативен софтвер 24
8. Правни и нормативни активности 25
9. Меѓународна соработка 28
10. Едукативни и промотивни активности во текот на 2025 година 30
11. Други активности во текот на 2025 година 31
12. Примања на неизвршните членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје 34
13. Остварени финансиски резултати во 2025 година 35
Прилог 1 43
Прилог 2 47

# 1. Вовед

Извештајот за работата на Централниот депозитар за хартии од вредност (Депозитар) во текот на 2025г ги опфаќа условите и деловното окружување што имаа влијание на пазарот на хартии од вредност во Република Северна Македонија, активностите на Депозитарот и податоците од извршувањето на функциите на Депозитарот, како и статистички показатели од работењето на Депозитарот релевантни за пазарот на хартии од вредност во Република Северна Македонија. Извештајот содржи и податоци за финансиското работење на Депозитарот и осврт на други околности согласно одредбите на Законот за трговски друштва за содржината на годишниот извештај за работата на друштвото.

Основите за работењето на Депозитарот се уредени со Законот за хартии од вредност во кој се предвидени основните функции кои ги извршува Депозитарот. Согласно член 32 од Законот за хартии од вредност, Депозитар на хартии од вредност ги извршува следните функции:

1. регистрирање на издавањето и преносот на хартиите од вредност во Република Северна Македонија како електронски запис (водење регистар на хартии од вредност);
2. давање меѓународен број за идентификација на хартиите од вредност (ИСИН) за сите емисии на хартии од вредност;
3. запишување на сопствениците на хартии од вредност;
4. порамнување на трговските трансакции;
5. вршење на нетрговските преноси;
6. овозможување услови за позајмување на хартиите од вредност;
7. следење на финансиската состојба на неговите членки, со цел управување со ризикот поврзан со можно непорамнување на трговските трансакции и
8. вршење дополнителни услуги за издавачите на хартии од вредност.

Депозитарот во име на издавачите на хартии од вредност, може да ги врши следниве дополнителни услуги:

1. доставување на ажуриран список на сите постојни сопственици на хартии од вредност издадени од тој издавач и
2. вршење на други услуги во врска со издадените хартии од вредност како што се пресметка и исплата на дивиденда и/или камата, известување за собранија на акционерите и слично.

Во текот на 2025 година институцијата ги извршуваше своите законски надлежности обезбедувајќи високо ниво на ефективност и ефикасност во услугите кои ги дава на учесниците на пазарот на капитал, издавачите, имателите на хартии од вредност и овластените институции со кои остварува постојана соработка.

## 2. Деловно окружување

Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје како единствена институција во државата која извршува функции на водење на регистар на хартии од вредност и порамнување на трговски трансакции со хартии од вредност, во текот на 2025 година ги извршуваше своите законски надлежности на кои имаат влијание глобалните и домашните економски случувања. Како и во другите земји, така и кај нас продолжено влијание имаа последиците предизвикани од воените конфликти во Украина и на Блискиот исток, зголемените царински стапки од страна САД и глобалните геополитички тензии.

Глобалната економија во извештајниот период се карактеризира со умерен, но стабилен раст, во услови на постепено намалување на инфлациските притисоци и зголемена неизвесност на меѓународните пазари. Според проценките на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), светската економија продолжува да расте со темпо под долгорочниот просек, при што економиите во развој остануваат главен двигател на глобалната економска активност, додека развиените економии бележат побавен, но стабилен раст.

Глобалната инфлација е во надолен тренд, како резултат на рестриктивните монетарни политики, стабилизацијата на цените на енергенсите и подобрувањето на синџирите на снабдување. Сепак, економските изгледи и понатаму се изложени на ризици поврзани со геополитички тензии, трговски ограничувања и нестабилност на финансиските пазари.

Според анализите на Европската централна банка (ЕЦБ), економската активност во еврозоната покажува умерено закрепнување, поддржано од раст на домашната побарувачка и релативно стабилен пазар на труд. Инфлацијата постепено се приближува кон среднорочната цел на ЕЦБ, што овозможува внимателен и податочно ориентиран пристап во водењето на монетарната политика. Во вакво деловно окружување, внимателното управување со ризиците и флексибилноста во деловните стратегии остануваат клучни за одржување на стабилноста и долгорочниот развој.

Депозитарот своите активности во 2025 година ги остваруваше под влијание и на повеќе домашни фактори.

Согласно последните податоци на Народната банка на РСМ објавени во кварталниот извештај од ноември 2025 година, во 2025 година се очекува раст на економијата од 3,5%, којшто во периодот 2026-2028 година би забрзал и би изнесувал 4%. Стапката на инфлација изнесува 4.1% и се очекува да се сведе на 2,5% во 2026 година и 2,0% во периодот 2027-2028 година. Постепеното стабилизирање на инфлацијата на среден рок би произлегло од закотвените инфлациски очекувања и ограничените притисоци од домашната побарувачка и увозните цени. Ризиците за инфлацијата се поврзани главно со цените на примарните производи на берзите коишто се под влијание на геополитичките тензии, трговската неизвесност, нарушувањата во синџирите на снабдување и климатските фактори, но и со домашните фактори коишто влијаат врз доходот и побарувачката.

Што се однесува до пазарот на капитал, на Македонската берза изминатата година е забележан намален тренд во вкупниот промет и бројот на реализирани трансакции,како и мал пад во МБИ-10 индексот. Пазарната капитализација покажува

благ раст во 2025 година. На крајот на 2025 година МБИ-10 индексот изнесува 10.054,59 индексни поени, што претставува намалување од 1,43% во однос на крајот на 2024 година. Вкупната пазарна капитализација на крајот на 2025 година изнесува 357.185.104.158 денари, што претставува зголемување за 1,74% во однос на крајот на 2024 година, додека остварениот промет во текот на 2025 година изнесува 9.588.201.971 денари или намалување од 28,46% во однос на 2024 година.

Состојбата на државните хартии од вредност на крајот на 2025 година изнесува 258.389.460.000 денари. Споредбено со крајот на 2024 година, состојбата на државните хартии од вредност е зголемена за 34.403.150.000 денари и истото произлегува од зголемување на состојбата на државните записи за 34.692.000.000 денари и намалување на состојбата на државните обврзници за 288.850.000 денари.

## 3. Информации за извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2024 година

Детални показатели од извршувањето на основните функции на Депозитарот во 2025г:

Активни издавачи во системот на ЦДХВ, со состојба 31.12.2025г

| | 31.12.2025 | 31.12.2024 | % |
|---|---|---|---|
| Издавачи | 437 | 439 | -0,46 |

Отворени нови сопственички сметки

| | **ЦДХВ** | **Членки** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| 2024 | 667 | 1.058 | 1.725 |
| 2025 | 1.288 | 1.017 | 2.305 |

Хартии од вредност во системот на ЦДХВ, со состојба на ден 31.12.2025г

| | **Број на активни ИСИН-и** | **Издадена количина** | **Номинален капитал** |
|---|---|---|---|
| Акции | 454 | 402.743.031 | 223.423.070.267 |
| Обврзници | 225 | 47.220.446 | 199.061.047.095 |
| Останати ХВ | 22 | 6.178.847 | 61.788.470.000 |

Сметки на иматели

Структура на сметки во системот на ЦДХВ, по типови сметки, со состојба на ден 31.12.2025г

| **Тип на сметка** | **Номинален капитал (МКД)** | **% промена во однос на претходната година** | **Број на сметки** | **% промена во однос на претходната година** |
|---|---|---|---|---|
| Сопственичка сметка | 278.158.234.179 | 7,10 | 61.898 | -1,18 |
| Портфолио сметка | 41.532.420 | -6,51 | 91 | -4,21 |
| Застапничка сметка | 16.812.626 | 1,76 | 6 | 20,00 |
| Старателска сметка | 123.512.231.777 | 14,40 | 36 | 5,88 |
| Други сметки | 82.543.776.362 | 11,91 | 2.993 | -8,83 |

Структура на иматели

Структура на иматели според тип во системот на ЦДХВ

| **Инвеститор** | **31.12.2025** | **31.12.2024** | **Процент на промена** |
|---|---|---|---|
| Домашни физички лица | 60.293 | 61.102 | -1,32 |
| Домашни правни лица | 1.745 | 1.735 | 0,58 |
| Странски физички лица | 885 | 879 | 0,68 |
| Странски правни лица | 150 | 151 | -0,66 |

## Утврдување и порамнување на трговски трансакции

*Утврдување и порамнување на трансакции склучени преку Берза*

Порамнети трансакции во 2025г склучени на Македонската Берза АД Скопје, изразени во вредност на трансакциите во МКД, број на хартии од вредност и број на трансакции.

| МБХВ | Вредност 2025 година (МКД) | Вредност 2024 година (МКД) | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Вредност (МКД) | 9.584.651.302 | 13.402.947.824 | -28,49 |
| Количина ХВ | 2.722.761 | 215.746.858 | -98,74 |
| Број на трансакции | 19.556 | 23.748 | -17,65 |

Број на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2025г по членки – берзански посредници:




Членките-чувари се учесници во порамнувањето во делот на паричните средства, на куповна и на продажна страна, за клиентите со кои склучиле договор за чување на хартии од вредност или договор за чување на имот за инвестициски или пензиски фондови.

На следниот графикон прикажан е број на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2025г, по членки – чувари на имот (прикажаните вредности се дел од претходниот графикон каде е прикажан број на порамнети трансакции по членки – берзански посредници):




Вредност на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2025г по членки – берзански посредници:




На следниот графикон прикажани се вредностите на порамнети берзански трансакции склучени преку МБХВ во текот на 2025г, по членки – чувари на имот (прикажаните вредности се дел од претходниот графикон каде се прикажани вредностите на порамнетите трансакции по членки – берзански посредници):



*Порамнување на трансакции склучени на ОТЦ пазарот*

Во следната табела се прикажани податоци за порамнувањето на трансакции склучени на ОТЦ пазарот и порамнети во реално време.

| ОТЦ | Вредност 2025 година (МКД) | Вредност 2024 година (МКД) | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Вредност (МКД) | 1.047.751.638 | 364.825.055 | 187,19 |
| Количина ХВ | 99.085 | 35.259 | 181,02 |
| Број на трансакции | 26 | 16 | 62,50 |

Трансакциите на ОТЦ пазарот се реализирани преку 5 учесници на продажна страна и 4 учесници на куповна страна.

Нетрговски преноси на хартии од вредност

Податоци за спроведени нетрговски преноси во системот на ЦДХВ по основ на подарок, наследство и судски одлуки:

| Основ | 2025 година | 2024 година | Процент на промена |
|---|---|---|---|
| Наследство | 947 | 1.048 | -9,64 |
| Подарок | 321 | 384 | -16,41 |
| Судска одлука | 7 | 5 | 40,00 |

Спроведени корпоративни дејства во Депозитарот

Податоци за спроведени корпоративни активности на акционерски друштва-издавачи на хартии од вредност во системот на ЦДХВ во текот на 2025 и 2024г:

| Активност | 2025 | 2024 |
|---|---|---|
| Евидентирани нови акционерски друштва | 7 | 13 |
| Доделени нови ИСИН-и со основачки емисии | 7 | 13 |
| Нови емисии-акции на постоечки АД | 7 | 10 |
| Нови емисии-корпоративни обврзници на постоечки АД | 3 | - |
| Евидентиран стечај на АД | 4 | 2 |
| Евидентирана ликвидација на АД | - | - |
| Извршена преобразба на АД во друга форма на друштво | 3 | 1 |
| Извршено намалување на основна главнина кај АД | - | - |
| Поделба на акции | - | 1 |
| Останато | 10 | 4 |

Подетални информации за акционерските друштва кај кои во 2025г се спроведени корпоративни активности се дадени во Прилогот 2 кон овој Извештај.

Овозможување на право на увид во акционерска книга

Согласно одредбите на Законот за трговските друштва, Депозитарот им овозможува на заинтересираните акционери увид во акционерските книги кај друштвата кај кои поседуваат акции и/или издавање копија од акционерска книга. По тој основ, во 2025 и 2024г во Депозитарот се спроведени следните активности:

| **Активност** | **2025** | **2024** |
|---|---|---|
| Извршен увид во акционерска книга | 38 | 75 |
| Копија од акционерска книга | 17 | 42 |

Постапки за јавни понуди

- На почетокот на првиот квартал од 2025г, Депозитарот склучи Договор за меѓусебна соработка во постапка на јавна понуда на хартии од вредност издадени од акционерското друштво ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, за која, Комисијата за хартии од вредност на ден 29.05.2025 година донесе решение за давање одобрение за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда – втора емисија на 49.000 обични акции. На 30.06.2025 година, како иницијален датум на запишување на акциите, запишани се сите хартии од вредност, по што во следниот квартал следеа активности за целосно завршување на постапката, со упис на зголемување на основната главнина во ЦРРСМ и пренос на хартиите од вредност на купувачите. Во третиот квартал, успешно заврши постапката за јавна понуда на нова емисија на обични акции издадени од акционерското друштво ВАБТЕК МЗТ АД Скопје. Имено, заклучно со 30.06.2025 година од понудените 49.000 обични акции, продадени се сите хартии од вредност, за износ од 154.105.000,00 денари, по што на ден 02.07.2025 година во Депозитарот е спроведен упис на обичните акции со ISIN MKMZHE101012 и номинална вредност од 51.13 ЕУР по акција, на сметката на купувачот.
- Депозитарот во првиот кваратал од 2025г склучи Договор за меѓусебна соработка во постапка на јавна понуда на хартии од вредност издадени од акционерското друштво СВОД МАСТЕР АД Скопје, за која Комисијата за хартии од вредност на ден 29.05.2025 година донесе решение за давање одобрение за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда – втора емисија на 200.000 обични акции, со поединечна номинална вредност од 100 денари по акција и продажна вредност од 600 денари по акција, односно вкупна вредност на емисијата од 120.000.000,00 денари. Иницијален датум на запишување на акциите беше 25.06.2025г, а последен датум на запишување е 25.08.2025г. По завршување на рокот за запишување на акции, издавачот го извести Депозитарот дека предметната постапка е неуспешно завршена, по што од страна на Депозитарот, до Комерцијална банка АД Скопје, каде издавачот имаше отворено посебна наменска сметка на која се вршат уплатите, даден е налог за враќање на уплатените парични средства од посебната наменска сметка на СВОД МАСТЕР АД Скопје за примање на паричните средства за запишување на акции кои се предмет на продажба по пат на јавна понуда, на платежна сметка од која уплатите се пристигнати.
- Во првиот кваратал Депозитарот склучи и Договор за меѓусебна соработка во постапка на јавна понуда на хартии од вредност – корпоративни обврзници, издадени од ЦКБ банка АД Скопје. Во вториот квартал, успешно заврши постапката за нова емисија на корпоративни обврзници издадени од ЦКБ банка АД Скопје. Имено, на 19.06.2025г од понудените 60 конвертибилни обврзници, продадени се сите хартии од вредност за износ од 369.065.400,00 денари, по што на 20.06.2025 во

Депозитарот е спроведен уписот на конвертивилната обврзница со номинална вредност од 100.000 ЕУР по обврзница, на сметката на купувачот.

• Во четвртиот квартал од 2025г, отпочна постапка за јавна понуда за продажба на сопствени акции издадени од акционерското друштво Комерцијална банка АД Скопје. Депозитарот склучи Договор со издавачот за меѓусебна соработка во постапката за јавна понуда на хартии од вредност издадени од Комерцијална банка АД Скопје бр. 08-3616/1 од 17.10.2025 и додели привремен СИН код. Со Решение на Комисијата за хартии од вредност УП 1 бр. 10-83 од 12.12.2025г, дадено е одобрение за продажба на сопствени акции по пат на јавна понуда.

Постапки за преземање на акционерски друштва во ЦДХВ

• Заклучно со 15.01.2025 година, во Депозитарот во целост е спроведена постапката за преземање на Герас Цунев Конфекција АД Струмица од страна на преземачот ДГИ Тотал Инженеинг ДООЕЛ Струмица. Целосно беа спроведени исплати кон акционерите кои ја прифатија понудата за откуп на нивните акции од страна на понудувачот, согласно доставените изјави од страна на Инвестброкер АД Скопје. На сметката на преземачот беа пренесени вкупно 16.258 обични акции, што претставува 23,91% од вкупниот број на обични акции издадени од Герас Цунев Конфекција АД Струмица.
По успешно спроведената постапка за преземање, согласно Решение на Комисијата за хартии од вредност на РСМ за успешност на понудата за преземање УП бр. 10-130 од 10.01.2025 година, Депозитарот, врз основа на поднесено Барање од субјектот Тотал инженеринг ДООЕЛ Струмица склучи Договор за вршење на услуги во постапката за преземање на АД Герас Цунев Конфекција Струмица – Принудна продажба бр. 08-21/14 од 19.02.2025 година. Имено, на ден 15.01.2025 година, преземачот ДГИ Тотал Инженеринг ДООЕЛ Струмица се стекна со 16.258 обични акции со право на глас, издадени од Герас Цунев Конфекција АД Струмица, кои што заедно со претходно поседуваните акции, претставуваат 97,21% од вкупно издадените акции, со што се стекна со правото да ги откупи сите преостанати акции издадени од Герас Цунев Конфекција АД Струмица, согласно член 63 од Законот за преземање на акционериски друштва.
Врз основа на доставено Барање број 08-21/11 од 22.01.2025 година од страна на друштвото ДГИ Тотал Инженеринг ДООЕЛ Струмица, Депозитарот склучи Договор со преземачот, согласно кој на ден 25.02.2025 година, Депозитарот достави допис бр. 08-21/17 до останатите акционери на Герас Цунев Конфекција АД Струмица, кои не ја прифатија понудата за преземање во кои беа известени за потребата од доставување на податоци за банкарска сметка. Во законски предвидениот рок, а согласно цитираниот допис, заклучно со 16.04.2025 година, од 15 акционери беа доставени податоци за банкарска сметка за исплата на нивните акции. На ден 17.04.2025 година, целосно беа спроведени исплати кон 15 домашни акционери, кои доставија до Депозитарот, податоци за банкарска сметка за исплата на нивните акции.
Вкупниот износ на исплатени средства на акционерите изнесува 206.460,00 денари. На сметката на преземачот ДГИ Тотал Инженеринг ДООЕЛ Струмица беа пренесени 1.836 обични акции.

• Заклучно со 15.01.2025 година, во Депозитарот во целост е спроведена и постапката за преземање на Герас Цунев Трговија АД Струмица од страна на преземачот ДГИ Тотал Инженеинг ДООЕЛ Струмица. Целосно беа спроведени исплати кон акционерите кои ја прифатија понудата за откуп на нивните акции од страна на понудувачот, согласно доставените изјави од страна на Инвестброкер АД Скопје. На сметката на преземачот беа пренесени вкупно 16.385 обични акции, што

претставува 23,86% од вкупниот број на обични акции издадени од Герас Цунев Трговија АД Струмица.
По успешно спроведената постапка за преземање, согласно Решение на Комисијата за хартии од вредност на РСМ за успешност на понудата за преземање УП бр. 10-131 од 10.01.2025 година, Депозитарот, врз основа на поднесено Барање од субјектот Тотал инженеринг ДООЕЛ Струмица склучи Договор за вршење на услуги во постапката за преземање на АД Герас Цунев Трговија Струмица – Принудна продажба бр. 08-21/13 од 19.02.2025 година. Имено, на ден 15.01.2025 година, ДГИ Тотал Инженеринг ДООЕЛ Струмица се стекна со 16.385 обични акции со право на глас, издадени од Герас Цунев Трговија АД Струмица, кои што заедно со претходно поседуваните акции, претставуваат 97,11% од вкупно издадените акции, со што се стекна со правото да ги откупи сите преостанати акции издадени од Герас Цунев Трговија АД Струмица, согласно член 63 од Законот за преземање на акционериски друштва.
Врз основа на доставено Барање број 08-21/10 од 22.01.2025 година од страна на друштвото ДГИ Тотал Инженеринг ДООЕЛ Струмица, Депозитарот склучи Договор со преземачот, согласно кој на ден 25.02.2025 година, Депозитарот достави допис бр. 08-21/18 до останатите акционери на Герас Цунев Трговија АД Струмица, кои не ја прифатија понудата за преземање во кои беа известени за потребата од доставување на податоци за банкарска сметка. Во законски предвидениот рок, а согласно цитираниот допис, заклучно со 16.04.2025 година, од 15 акционери беа доставени податоци за банкарска сметка за исплата на нивните акции. На ден 17.04.2025 година, целосно беа спроведени исплати кон 15 домашни акционери, кои доставија до Депозитарот, податоци за банкарска сметка за исплата на нивните акции.
Вкупниот износ на исплатени средства на акционерите изнесува 215.450,00 денари. На сметката на преземачот ДГИ Тотал Инженеринг ДООЕЛ Струмица беа пренесени 1.928 обични акции.

- По однос на постапката за преземање на РЖ Економика АД Скопје, за која Депозитарот склучи Договор со преземачот ДПТУ ГМЛ ДООЕЛ извоз-увоз Кавадарци, рокот за доставување на изјави од страна на акционерите заврши на 14 март 2025г, но до крајот на кварталот не беше донесено Решение за успешност на постапката за преземање од страна на Комисијата за хартии од вредност.

До Депозитарот, од страна на преземачот ГМЛ ДООЕЛ Кавадарци, доставен е допис од 24.03.2025г, во кој е содржано барање преземачот ГМЛ ДООЕЛ Кавадарци да ги уплати на сметката на Депозитарот средствата потребни за исплата на акционерите кои ја прифатија понудата за откуп на нивните акции, со цел ослободување на приложената банкарска гаранција.
На ден 26.03.2025 година, Преземачот на сметката на Депозитарот во НБРСМ ги уплати потребните средства за исплата на акционерите кои до крајниот рок, ја прифатиле понудата за преземање. За доставеното барање на преземечот и уплатата на средствата, Депозитарот ја извести Комисијата.
Комсијата за хартии од вредност на 29.05.2025г донесе решение за успешност на понудата, врз основа на кое, заклучно со 03.06.2025 година во Депозитарот во целост е спроведена постапката на преземање на РЖ Економика АД Скопје од страна на преземачот ДПТУ ГМЛ ДООЕЛ Кавадарци. Целосно беа спроведени исплати кон акционерите кои ја прифатија понудата за откуп на нивните акции од страна на понудувачот, согласно доставените изјави од страна на Комерцијална банка АД Скопје. На сметката на преземачот беа пренесени вкупно 34.391 обични акции, што претставува 6,43% од вкупниот број на обични акции издадени од РЖ Економика АД Скопје.

- Во третиот квартал, на 20.05.2025г, до Депозитарот е доставена Намера за преземање на 100% од обичните акции со право на глас издадени од Стопанска

банка АД Битола, од страна на субјектот АЛТА ГРОУП ДОО Белград, Република Србија. Договорот за вршење на услуги во постапката на преземање на Стопанска банка АД Битола, број 08-1911/6 од 14.07.2025 година, кој Депозитарот го склучи со преземачот АЛТА ГРОУП ДОО Белград Р. Србија, престана да произведува правно дејство, како последица на доставеното Решение на Комисијата за хартии од вредност на РСМ бр. УП 1 10-54 од 19.08.2025 година со кое постапката за добивање на дозвола за понуда за преземање, се запира.

- На ден 20.08.2025г до Депозитарот е пристигната нова понуда за преземање под истите услови од страна на преземачот АЛТА БАНКА АД Белград, Р. Србија, како субјект од истата групација, со кој Депозитарот склучи Договор за вршење на услуги во постапката на преземање на Стопанска банка АД Битола, број 08-3035/4 од 29.08.2025 година. На 10.09.2025г од страна на Комисијата е донесено Решение за давање дозвола за понуда за преземање на Стопанска банка АД Битола од страна на АЛТА БАНКА АД Белград, Р. Србија, по што во Депозитарот продолжија активностите за спроведување на оваа постапка. Заклучно со 22.10.2025г во Депозитарот, во целост е спроведена постапката на преземање на субјектот од страна на преземачот АЛТА Банка АД Белград, Р. Србија, а врз основа на Решение на Комисијата за хартии од вредност со кое се утврдува за успешна понудата за преземање УП 1 бр. 10-69 од 16.10.2025г. Целосно беа спроведени исплати кон акционерите кои ја прифатија понудата за откуп на нивните акции од страна на понудувачот, согласно доставените изјави од страна на Комерцијална банка АД Скопје. На сметката на преземачот беа пренесени вкупно 345.175 обични акции, што претставува 88,2852% од вкупниот број на обични акции издадени од Стопанска банка АД Битола.
- На 15.08.2025г од страна на Раде Кончар ТЕП ДООЕЛ Скопје до Депозитарот е доставена намера за преземање на акциите издадени од Раде Кончар Апаратна техника АД Скопје, по што Депозитарот со преземачот склучи Договор за вршење на услуги во постапката на преземање на целното друштво, број 08-2981/3 од 03.09.2025г. На 25.09.2025г, Комисијата донесе Решение за давање дозвола за понуда за преземање на Раде Кончар Апаратна техника АД Скопје од страна на Раде Кончар ТЕП ДООЕЛ Скопје, по што Депозитарот продолжи со отпочнатите активности за спроведување на постапката за преземање. Заклучно со 12.11.2025 година, во Депозитарот, во целост е спроведена и постапката на преземање на Раде Кончар-Апаратна техника АД Скопје од страна на преземачот Раде Кончар ТЕП ДОО Скопје. Целосно беа спроведени исплати кон акционерите кои ја прифатија понудата за откуп на нивните акции од страна на понудувачот, согласно доставените изјави од страна на Комерцијална банка АД Скопје. На сметката на преземачот беа пренесени вкупно 18.584 обични акции, што претставува 9,01% од вкупниот број на обични акции издадени од Раде Кончар-Апаратна техника АД Скопје.
- На крајот од годината, Депозитарот склучи договор бр. 08-4322/3 од 25.12.2025г со Друштвото за внатрешен и надворешен промет СЕРВИС ПЕТРОЛ ДОО Скопје, за вршење услуги во постапката за преземање на ФАБРИКА КАРПОШ АД Скопје, врз осова на кој во првиот квартал од 2026г за Депозитарот ќе следат активности во врска со спроведување на оваа постапка.

<u>Постапки за исплата на дивиденда</u>

Оваа година Депозитарот склучи два Договори за меѓусебна соработка при спроведување на постапка за пресметка и исплата на дивиденда на акционерите на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје и ОКТА АД Скопје и пресметка и исплата на соодветните даноци кон Управата за јавни приходи, врз основа на кои и во останатите квартали беа спроведини понатамошни активности поврзани со целосна реализација на договорите

Подолу во табелата се податоци за извршените исплати по издавач:

| Издавач | Исплатен износ (МКД) | Број на акционери |
|---|---|---|
| Уни банка АД Скопје | 206.205.984 | 309 |
| Окта АД Скопје | 181.721.760 | 781 |

Активности во врска со корпоративни обврзници

Во системот на ЦДХВ со состојба на 31.12.2025г. се регистрирани 6 корпоративни обврзници од 3 издавачи со вкупна номинална вредност од 17.350.000 ЕУР:

Во текот на 2025г., извршено е регистрирање на корпоративни обврзници и тоа Унибанка четврта емисија на перпетуални обврзници со вкупна номинална вредност од 5.000.000 ЕУР, Централна кооперативна банка конвертибилна обврзница 2.емисија со вкупна номинална вредност од 6.000.000 ЕУР и ТТК Банка корпоративна обврзница трета емисија со вкупна номинална вредност од 1,000.000 ЕУР. Во текот на годината се склучени и Договори за меѓусебна соработка за регистрирање и водење на хартии од вредност издадени од Универзална Инвестициона Банка АД Скопје и ТТК Банка АД Скопје.
Во текот на 2025г. извршени се пресметки на камати и главници од корпоративни обврзници со следните износи:

| Назив на издавач | ИСИН | тип на пресметка | број на пресметки | датум на пресметка | Пресметан износ на камати/главници (МКД) |
|---|---|---|---|---|---|
| ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ | MKTTKS200020 | камата | 6 | 13.2.2025 | 2.497.583 |
| УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ | MKBLBA200029 | камата | 11 | 28.2.2025 | 3.862.052 |
| УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ | MKBLBA200029 | камата | 11 | 29.8.2025 | 3.832.409 |
| УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ | MKBLBA200037 | камата | 6 | 23.4.2025 | 2.484.518 |
| УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ | MKBLBA200037 | камата | 6 | 23.10.2025 | 2.499.758 |
| ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ | MKSILB200014 | камата | 1 | 21.3.2025 | 6.786.780 |
| ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ | MKSILB200014 | камата/ предвремен откуп | 1 | 27.6.2025 | 1.819.333 |
| ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ | MKSILB200014 | главница/ предвремен откуп | 1 | 27.6.2025 | 308.004.000 |

Активности во врска со државни хартии од вредност

Депозитарот ја има улогата на Регистар на државните хартии од вредност, чиј издавач е Министерството за финансии на Република Северна Македонија. Во табелата која следи се прикажани податоци за активностите на примарниот пазар на државни хартии од вредност во текот на 2025г:

| | **број на емисии во 2025 година** | **износ (МКД)** | **број на емисии во 2024 година** | **износ (МКД)** |
|---|---|---|---|---|
| **Нови емисии на државни хартии од вредност** | | | | |
| 12 месечни записи | 22 | 61.788.470.000 | 19 | 45.445.760.000 |
| Државни обврзници | 28 | 34.582.520.000 | 25 | 52.819.120.000 |
| **Вкупно** | **50** | **96.370.990.000** | **44** | **98.264.880.000** |
| **Достасувања на државни хартии од вредност** | | | | |
| 12 месечни записи | 19 | 45.445.760.000 | 23 | 42.784.480.000 |
| Државни обврзници | 25 | 16.522.080.000 | 20 | 9.922.230.000 |
| **Вкупно** | **44** | **61.967.840.000** | **43** | **52.706.710.000** |
| **Пресметки на купони од државни обврзници** | | | | |
| Државни обврзници | 202 | 6.886.844.621 | 199 | 5.024.187.133 |

Во текот на 2025г, се запишани вкупно 28 државни обврзници, од кои според рочноста се запишани шест двегодишни, седум тригодишни, една петгодишна и четиринаесет државни обврзници со рочност од петнаесет години. Три од регистрираните обврзници се со девизна клаузула, а останатите дваесет и пет се без девизна клаузула.
Во 2025г. извршена е и пресметка на рати и камати од обврзниците за денационализација од Четиранесетта до Дваесет и трета емисија, а истовремено целосно доспеаа обврзниците за денационализација - Четиринаесетта емисија.
На 30.12.2025г. е издадена Обврзница за денационализација Дваесет и четврта емисија во износ од 1.500.000 ЕУР. Обврзницата е запишана на сметките на 143 физички лица и еден верски објект, а по регистрирањето на обврзницата, имателите се известени со доставување на Изводи од сметки на адресите регистрирани во системот на депозитарот.

Активности во врска со граѓански обврзници

На 19.07.2025г. се извршени пресметки на купон и главница од првата граѓанска обврзница издадена во јули 2023г. со годишна каматна стапка од 5%. При извршувањето на оваа активност, пресметани се купони на вкупно 1.195 иматели – физички лица распоредени на 1.258 сметки во вкупен износ од 72.401.500 МКД.

На 14.11.2025г. целосно доспеа и втората Граѓанска обврзница издадена во ноември 2023г. со годишна каматна стапка од 5% и во номинален износ од 1.085.480.000 МКД, при што беа пресметани купони и главници за 894 иматели – физички лица – државјани на РСМ распоредени преку 10 деловни банки.

На 19.12.2025г.  е запишана третата емисија на Граѓанска обврзница во износ од 1.448.030.000 МКД, со рочност од две години, без девизна клаузула со каматна стапка од 4,5%.  Вкупно беа запишани 1511 записи на обврзници распоредени на 1426 иматели – физички лица – државјани на РСМ.

Депозитарот во соработка со Министерството за финансии и Членките на Комисијата за ликвидност на Македонската банкарска асоцијација изготвија и применија посебни процедури заради навремено и непречено запишување на граѓанската обврзница и исплата на купоните и главниците од првите две граѓански обврзници.

Во рамки на подговките за издавање на третата емисија на Граѓански обврзници, претставник на Депозитарот присуствуваше на состанокот на Комисијата за ликвидност при Македонската банкарска асоцијација. Како заклучок од состанокот произлезе потребата од дополнително регулирање на начинот и постапката за издавање и исплата на граѓанските обврзници преку донесување на Упатство од страна на Министерството за финасии како издавач на обврзниците. Депозитарот активно се вклучи во изработка на Упатството и достави до Комисијата за ликвидност нацрт верзија на Упатството во која меѓу останатото е подетално уредена улогата на Депозитарот како Регистар на државни хартии од вредност.

Паралелно со издавањето на граѓанските обврзници, Депозитарот присуствуваше на повеќе состаноци со Министерството за финансии каде се разгледуваа можните опции за олеснување на процесот на издавање на државните хартии од вредност со акцент на граѓанските обврзници преку користење на најнови технологии.

<u>Активности во врска со издавање на структурни обврзници согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа</u>

Согласно измените на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Министерството за финансии во 2023г издаде структурни обврзници, како инструмент за обезбедување на финансиски средства за финансирање на доспеаните, а неплатени обврски од страна на општините Тетово, Виница и Желино, а со истите ќе може да се тргува на секундарниот пазар и ќе може да се користат за  подмирување на обврски кон Управата за јавни приходи.

Во текот на 2025г.  следејќи ги насоките од Инструкцијата за начинот на постапување по налозите од Министерството за финансии во постапката за издавање на податоци, стопирање на идни трансакции и евидентирање на пренос на структурните обврзници, реализирани се следните нетрговски преноси на државната сметка на Министерството за финансии наменета за исплата на доспеан даночен долг кон Управата за јавни приходи:

| ИСИН | Назив на емисија | Издаден износ (МКД) | Број на нетрговски преноси во 2025г. | Пренесена вредност на обврзници (МКД) на државна сметка во 2025г. | Преостанат износ од емисијата на 31.12.2025 (МКД) |
|---|---|---|---|---|---|
| MKMINF20S015 | СТРУКТУРНИ ОБВРЗНИЦИ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ДОСПЕАНИ А НЕПЛАТЕНИ ОБВРСКИ НА ОПШТИНА ТЕТОВО | 250.165.143 | 13 | 19.233.950 | 4.975.667 |
| MKMINF20S023 | СТРУКТУРНИ ОБВРЗНИЦИ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ДОСПЕАНИ А НЕПЛАТЕНИ ОБВРСКИ НА ОПШТИНА ВИНИЦА | 2.516.370 | 8 | 953.805 | 0 |
| MKMINF20S031 | СТРУКТУРНИ ОБВРЗНИЦИ ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ДОСПЕАНИ А НЕПЛАТЕНИ ОБВРСКИ НА ОПШТИНА ЖЕЛИНО | 21.735.891 | 2 | 582.109 | 1 |
| | **Вкупно** | **274.417.404** | | **20.769.864** | **4.975.668** |

Со состојба на 31.12.2025г, преостануваат неискористени 4.975.668 МКД, што претставува 1,81% од издадениот износ на структурните обврзници.

## 4. Членки на Депозитарот

Членки-берзански посредници

Во текот на 2025 г. во Депозитарот членуваа 11 членки-берзански посредници, од кои 6 се банки, а останатите 5 членки се брокерски куќи.

| | Код на учесник | Назив | 01.01.2025 | 31.12.2025 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ЕХ | ЕУРОХАУС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 2. | ИЛ | ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 3. | ИН | ИНОВО БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 4. | КБ | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 5. | МИ | ИНВЕСТ БРОКЕР АД | √ | √ |
| 6. | IK | ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 7. | СБ | СТОПАНСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ | √ | √ |
| 8. | ТК | ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 9. | ТН | НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 10. | ФР | ФЕРШПЕД-БРОКЕР АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 11. | СП | ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |

Членки-Чувари

Во текот на 2025 г. во Депозитарот членуваа членуваат 5 членки-чувари, и тоа:

| | Код на учесник | Назив | 01.01.2025 | 31.12.2025 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ИК | ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 2. | КБС | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 3. | СБС | СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 4. | СПС | ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 5. | ТНС | НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |

ОТЦ-членки

Во текот на 2025г, во Депозитарот членуваа 12 ОТЦ членки, односно бројот на членки остана непроменет споредбено со 2024г:

| | Код на учесник | Назив | 01.01.2025 | 31.12.2025 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | SK | СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 2 | TU | НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 3 | UN | УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 4 | IV | ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 5 | IK | ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 6 | AL | СИЛК РОУД БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 7 | TT | ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 8 | KB | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 9 | SL | ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 10 | IP | КАПИТАЛ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 11 | PK | ПРОКРЕДИТ БАНКА АД СКОПЈЕ | √ | √ |
| 12 | SB | СТОПАНСКА БАНКА АД БИТОЛА | √ | √ |

Во месец декември 2025 г., со усвојувањето на измените и дополнувањата на Статутот на Собранието на акционери, ОТЦ членката Стопанска банка АД Битола официјално доби ново име – АЛТА банка АД Битола.

Контрола на членките на Депозитарот

Согласно Програмата за работа на ЦДХВ АД Скопје за 2025г., Извршниот директор на Депозитарот, во ноември 2025 година, донесе Одлука за спроведување на контрола на членки на Депозитарот**.** Со оваа Одлука беше утврдено контролата да се спроведе кај три членки на Депозитарот со различни статуси, односно членка берзански посредник, членка-чувар и ОТЦ членка.

Критериум за утврдувањето на членка-берзански посредник предмет на контрола беше членката да не била контролирана воопшто за оваа функција. Критериум за утврдувањето на членката-чувар беше членката која има најголема вкупна вредност на порамнетите трансакции и учествувала и на куповна и на продажна страна во 2025г., заклучно со 31.10.2025г. Критериум за утврдувањето на ОТЦ-членката исто така беше најголема вкупна вредност на порамнетите трансакции и на куповна и на продажна страна на ОТЦ пазарот во 2025г. година, заклучно со 31.10.2025г.

Врз основа на наведените критериуми контролирани беа следните членки:
1. Берзански посредници: Халк банка АД Скопје.
2. Членки-чувари: НЛБ банка АД Скопје.
3. ОТЦ-членки: Шпаркасе банка АД Скопје.

Предметот на контрола кај членката-берзански посредник беше:
- исполнетоста на континуираните услови на членство, и општите обврски и обврските за задолжително известување на Депозитарот.
- Увид во овластувањата за увид и резервација на хартии од вредност од клиентите на членката и нивното чување;
- Уредноста на внесот на овластувањата за увид и резервација од клиентите во системот на Депозитарот;
- Уредноста на документацијата за отворање на сопственички сметки.

Во однос на членката-чувар и ОТЦ членката се контролираше исполнетоста на континуираните услови на членство, и општите обврски и обврските за задолжително известување на Депозитарот.

Врз основа на увидот во прибавената документација од членките беа изготвени записници при што не беа констатирани неправилности.

## 5. Управување со ризици

Согласно одредбите од Рамката за управување со ризици и Процедурата за управување со ризици на Депозитарот изработен е Годишен план за справување со ризици за 2025 година.  Планот се изготвува врз основа на ажурираната Мапа на ризици и врз основа на Актите кои се дел од Рамката за управување со ризици, а во него се вклучени и анализирани  највисоко проценетите ризици и се определени начините за справување со ризиците. Дополнително, Планот ја содржи и динамиката на тестирање, контрола, одржани состаноци, предмет на тестирањето,  ревизијата, контролата и одговорните лица за следење,  ревидирање, контрола и тестирање за 2025 година.
Изработен е и Извештај за имплементација на Годишниот план за справување со ризици за 2024 година,  во кој се наведени спроведените активности кои произлегуваат од континуираните обврски од процесот на управување со ризици; Спроведени активности согласно Мапата на ризици за 2024г; активностите согласно Актите од рамката за управување со ризици и активностите спроведени од страна на одговорното лице за управување со ризици.
Во текот на 2025г. , согласно Годишниот план за справување со ризици за 2025г. беа спроведени следните активности:

- одржани se 4 состаноци согласно Процедурата за проценка на ефикасноста на политиките, процедурите и системите за управување со ризици на ЦДХВ.
- изработена е годишната Анализа на потребните капитални барања на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје со примена на одредбите од европската регулатива за депозитари за 2024г. Според наодите на Анализата, Депозитарот во целост ги исполнува капиталните барања потребни за покривање на сите ризици со кои се соочува во текот на работењето. Имено, вкупниот капитал и фондовите на Депозитарот согласно ревидираните финансиски извештаи за годината што завршува на 31.12.2024г. изнесуваат 103.787 илјади МКД. Вкупните капитални барања по пресметката на соодветните изложености изнесува 32.081 илјади МКД што

претставува 30.91% од вкупниот капитал со фондовите (резерви и акумулирана добивка)

- Извршени се тримесечно, шестмесечно, деветмесечно и годишно тестирање на висината на ликвидни средства
- Извршена е Анализа на поставените цели на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и нивно остварување за 2024г.
- извршено е редовното годишно тестирање на изложеноста кон оперативен ризик преку тестирање на Disaster recovery локацијата со учество на сите засегнати страни;
- спроведена е редовната годишна анкета на вработените со анонимни прашалници,
- извршено е редовно следење на показателите како дел од Планот за закрепнување на Депозитарот.
- извршено е редовно годишно тестирање на неможноста на членките да ги исполнат своите обврски за плаќање за 2025 година
- извршено е редовно годишно тестирање по сценарија кои би можеле да предизвикаат последици на извршување на клучните операции на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2025г.
- Извршена е самопроценка на работата на Извршниот директор на ЦДХВ АД Скопје за 2025 година

## 6. Активности во делот на информатичката технологија

Во текот на 2025 година, Дирекцијата за информатичка технологија на Депозитарот реализираше низа активности насочени кон исполнување на законските обврски, унапредување на техничката и мрежната инфраструктура, зајакнување на сајбер-безбедноста и обезбедување стабилност и континуитет на работењето на критичните системи на Депозитарот. Активностите беа спроведувани континуирано во текот на целата година и ги опфатија следниве клучни области:

Унапредување на апликативни решенија и системска интеграција

- *Развој на АПИ функции*
  Во рамките на договорот за стратегиска соработка помеѓу ЦДХВ и Македонската берза на хартии од вредност, во 2025 година беа интензивирани активностите за унапредување на техничката интеграција и размената на податоци со развој на автоматизирана функционалност за преземање на податоци, со што се обезбеди поедноставување на одредени процеси во МБХВ.
- *Надградба на портал*
  Во рамките на континуираното унапредување на Порталот за издавачи и иматели, во 2025 година беше спроведена техничка и безбедносна надградба на порталот, врз основа на доставените технички известувања и безбедносни барања од страна на КИБС во делот на услугата за временски печат (Momentum). Со надградбата е обезбедено усогласување со новиот безбеден начин на пристап до сервисот за временско жигосување, унапредени се механизмите за дигитално потпишување и временско жигосување на извештаите, а истовремено е зголемено нивото на сајбер безбедност и обезбедена континуирана и сигурна функционалност на порталот, во согласност со важечките стандарди.

Техничка и мрежна инфраструктура

- *Унапредување на енергетската сигурност*
  Во текот на 2025 година беше реализирана заедничка набавка на UPS уреди со можност за паралелна работа, со што значително се унапреди обезбедувањето на непрекинато електрично напојување на заедничката серверска инфраструктура на ЦДХВ и МБХВ.
- *Надградба на серверската инфраструктура*
  Во рамките на активностите за модернизација и зголемување на стабилноста на системите, беше спроведена миграција на цел сет сервиси на повисока верзија на оперативен систем.
- *Модернизација на мрежната инфраструктура*
  Извршена е набавка и инсталација на нови и современи мрежни уреди, со што се подобрија перформансите, сигурноста и управливоста на мрежната инфраструктура.
- *Обнова на корисничка ИТ опрема*
  Во рамките на редовното одржување и обновување на ИТ ресурсите, извршена е набавка на нова компјутерска опрема (персонални компјутери, лаптоп и монитори), со цел обезбедување континуирана и ефикасна работа на вработените.

Сајбер-безбедност и дигитална сигурност

- *Сертификати и безбедносни лиценци*

Набавени се нови SSL сертификати за потребите на веб-страницата и Дистрибутивниот систем за иматели и издавачи. Обновени се лиценците за временски печат и квалификувани сертификати.

- *Обуки за сајбер безбедност*
  Во рамките на континуираното унапредување на знаењата, вработените во Депозитарот учествуваа на обуки од областа на сајбер-безбедноста, по што беше спроведена и ресертификација.

Континуитет на работењето и тестирања

- *Тестирање на Плановите за обезбедување непрекинатост на работните процеси*
  Во текот на третиот квартал од 2025 година успешно беше спроведено годишното тестирање на Плановите за обезбедување непрекинатост на работењето (BCP/DRP), со учество на релевантни институции и членки на ЦДХВ. Тестирањето потврди дека функционалностите функционираат стабилно и согласно предвидените сценарија.
- *Тестирање на редундантноста на мрежната поврзаност*
  Паралелно, во текот на целата година беа спроведувани редовни квартални тестирања на примарните и бекап линиите за поврзување со платните системи на Народната банка на Република Северна Македонија.
- *Одржување на критичната инфраструктура*
  Во рамките на редовното годишно тестирање и проверка на исправноста на системите, извршени се:
  - Контрола на системот за климатизација и системот за заштита од пожари.
  - Контрола на системот за континуирано напојување со електрична енергија.
  - Годишно одржување и тестирање на функционалноста на клима уредите.

Законски обврски и регулаторна поддршка

- *Доставување на податоци до УЈП*
  Во согласност со Законот за данок на личен доход и релевантните подзаконски акти, во 2025 година ЦДХВ изврши генерирање и доставување на XML-датотека со податоци за капитални добивки до Управата за јавни приходи. Процесот беше реализиран навремено и во целосна согласност со пропишаните технички и законски барања.
- *Доставување на акционерски книги*
  Согласно Законот за хартии од вредност, доставени се акционерски книги со состојба 31.12.2024г во електронска форма до 108 акционерски друштва.

Поддршка за деловните процеси

- *Техничка поддршка за „Инвеститорскиот ден“*
  Во рамките на иницијативата „Инвеститорски ден“ одржана на 12.09.2025г, ИТ дирекцијата спроведе активности за преземање на провизиите за повластените трансакции, согласно иницијативата домашните физички лица да тргуваат со акции без надоместоци кон Берзата, Депозитарот и овластените пазарни учесници.
- *Исплата на дивиденда за акционерите на УНИ банка и Окта*
  Во рамките на склучените договори за соработка со издавачите УНИ банка и Окта, Депозитарот спроведе постапки за автоматизирана пресметка и исплата на дивиденди кон акционерите, како и пресметка и уплата на персонален данок

на доход кон Управата за јавни приходи. По завршување на процесите, беа изготвени и доставени соодветни извештаи и известувања.

- *Преземање на акционерски друштва во 2025г*
  Во врска со постапките за преземање на акционерски друштва (детално опишани во поглавјето 3. Од овој извештај , ИТ дирекцијата беше вклучена во процесот на пресметка и исплата на акционерите.

## 7. Активности со набавка на нов апликативен софтвер

Во текот на 2025 година, Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје интензивно работеше на имплементација на новиот кор бизнис систем Quick Clear, кој претставува стратешки проект од клучно значење за модернизација на работењето, усогласување со европските стандарди и унапредување на ефикасноста и сигурноста на системите на Депозитарот.

Во таа насока, во текот на годината беше склучен Договор за лиценца со добавувачите Инфракс и МЕСПЛ, по што започна практичната имплементација на системот. Активностите опфатија воспоставување на развојна и тест околина, обезбедување безбеден пристап и иницијално поставување на системските компоненти. Паралелно беше доставена обемна техничка и корисничка документација, а проектната работа се одвиваше преку континуирана координација и редовна комуникација со добавувачот.

Во рамки на имплементацијата, спроведена е миграција и валидација на податоците за членки, иматели, издавачи и хартии од вредност, како и усогласување на структурата на податоците и мапирање на сметките помеѓу постојниот и новиот систем. Дополнително, беа воведени унифицирани кодови за означување на хартии од вредност и издавачи, со што се унапреди конзистентноста и вкупниот квалитет на податоците.

Паралелно, беа спроведени активности за дополнително прочистување, ажурирање и унапредување на квалитетот на податоците кои ќе бидат предмет на миграција, со цел обезбедување конзистентност и точност на информациите во новиот систем.

Покрај техничките активности, во текот на имплементацијата беше организирана презентација на софтверското решение Quick Clear, како и иницијална обука за дел од проектниот тим, со цел запознавање со основните функционалности на системот, работните процеси и начинот на користење на клучните модули. Овие активности овозможуваат заедничко разбирање на концептот на новиот систем и поставување основа за понатамошна проектна работа.

Во третиот квартал, по иницијалното започнување на активностите за анализа на податоците кои ќе бидат мигрирани беше одржан и состанок на Проектниот одбор, на кој беа презентирани статусот на имплементацијата, дотогашните реализирани активности, идентификуваните предизвици и предложените решенија. Проектниот одбор обезбеди насоки и поддршка за натамошните фази на имплементација.

Согласно досегашниот напредок, проектот влезе во понапредна фаза на стабилизација и подготовка за следните чекори. Поставени се солидни основи за продолжување на миграцијата, финализација на бизнис-логиката и планиран премин кон продукциска употреба на новиот систем.

## 8. Правни и нормативни активности

Во текот на 2025 г., Депозитарот континуирано и проактивно го следеше и учествуваше во процесот на донесување и изменување на законската и подзаконската регулатива од областа на пазарот на капитал, со посебен фокус на прописите кои директно влијаат врз неговото работење, намалување на правните и оперативните ризици при имплементација на новата регулатива и јасно дефинирање на обврските на овластениот депозитар.

Со ваквиот пристап, Депозитарот настојуваше да ја зацврсти својата улога како клучна инфраструктурна институција на пазарот на капитал и релевантен партнер во процесите на нормативно уредување на секторот и усогласувањето со европската регулатива.

### Донесени подзаконски акти од значење за Депозитарот

Во текот на 2025 г., КХВ стави на јавна расправа над 20 подзаконски акти од Законот за финансиски инструменти, кои беа предмет на анализа и коментари од страна на стручните служби на Депозитарот.

Дел од овие акти имаат директно значење за работењето на Депозитарот, а особено:

- Правилник за постапката за поврзување на депозитари
- Правилник за давање одобрение за работа и за начинот на работа на депозитарот.
- Правилник за известување за интерно порамнување од страна на овластен депозитар и податоци кои треба да ги објави на својата интернет страница
- Правилник за видовите на високоликвидни финансиски инструменти во кои овластен депозитар може да ги вложува своите средства

поради што до КХВ беа доставени соодветни коментари.

Пред нивното објавување во „Службен весник на РСМ“, КХВ достави до Депозитарот известување со преглед на коментарите на Депозитарот кои се прифатени и вградени во конечните текстови и образложение за забелешките кои не биле прифатени.

### Учество во работни групи за измени на закони

Во септември 2025 година, Депозитарот номинираше свои претставници во две работни групи формирани од Министерството за финансии за подготовка на измени на:

- Законот за финансиски инструменти и
- Законот за проспект и транспарентност на издавачи.

Работните групи започнаа со конкретни активности во декември 2025 година:

- 23 декември 2025 г. – одржан првиот состанок на работната група за измена на Законот за финансиски инструменти, со учество на МФ, КХВ, Депозитарот,

Берзата и НБРСМ. Поголемиот дел од забелешките на Депозитарот беа прифатени, додека дел останаа отворени за понатамошна дискусија.
- 25 декември 2025 г. – одржан првиот состанок на работната група за измена на Законот за проспект и транспарентност на издавачи.

Работните групи ги продолжуваат своите активности и во наредниот период.

**<u>Известувања до Комисијата за хартии од вредност на РСМ</u>**

Во текот на 2025г, Депозитарот редовно и навремено ги доставуваше до КХВ со закон и со правилници пропишаните известувања:

- Известувања за стекнати повеќе од 5% на хартии од вредност издадени од акционерско друштво со посебни обврски за известување и котирани акционерски друштва
- Известувања за новоиздадени хартии од вредност
- Месечени извештаи за работењето на ЦДХВ АД Скопје
- Известувања во однос на уписи, бришења и ажурирања на Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување.

Во текот на 2025 г. како обврска произлезена од Правилникот на КХВ за задолжителната содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето на овластените учесници, берзи и депозитари („Службен Весник на РСМ“ бр. 273/2020) Депозитарот до Информатичкиот Систем за Супервизија и Известување на КХВ, достави во рамки на утврдениот рок бројни известувања.

<u>Активности во врска со одржани акционерски собранија и промени во составот на Одборот на директори</u>

Одборот на директори на Депозитарот, на седницата одржана на 11.04.2025г., донесе Одлука за свикување на 31. годишно Собрание на акционерите на Депозитарот, кое што се одржа на 14.05.2025г.

Собранието во рамките на своите надлежности, во согласност со Законот за хартии од вредност, Законот за трговски друштва и Статутот на ЦДХВ, едногласно ги одобри/усвои следните материјали кои беа утврдено од страна на Одборот на директори:

❖ Записник од 30.седница на Собранието на акционерите на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

1) Извештај за работата на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2024 година.
2) Извештај за работата на Одборот на директори на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2024 година, колективно и од аспект на поединечни членови.
3) Годишна сметка на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2024 година.
4) Финансиски извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2024 година, ревидирани од овластено ревизорско друштво, со:
   - Извештај на овластен ревизор за ревизијата на Финансиските извештаи за 2024 година.
   - Утврдување на Извештај на неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од извршена контрола.

– Утврдување на Предлог Одлука за одобрување на финансиските извештаи за 2024 година, ревидирани од овластен ревизор.

5) Одлука за распределба на добивка остварена согласно Годишната сметка на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2024 година и исплата на дивиденда.
6) Одлука за назначување овластен ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2025 година.
7) Програма за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје за 2025 година.
8) Годишен извештај за извршена внатрешна ревизија во ЦДХВ АД Скопје во 2024 година.
9) Информирање за поднесена оставка од неизвршен член на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје.
10) Одлука за избор на неизвршен член на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје.

По однос на точка 9 и 10 од претходниот пасус, непосредно пред одржувањето на годишното собрание, во текот на месец април 2025 г., од страна на неизвршниот член на Одборот на директори г. Марко Савовски поднесена е неотповиклива оставка од оваа позиција.

Со поднесената оставка на неизвршниот член, Одборот на директори беше запознаен навремено и веднаш потоа беше доставен предлог за номинирање на г. Зоран Петровски за нов член на Одборот. Врз основа на претходно спроведената проверка на исполнетоста на условите, интегритетот и професионалните капацитети на новопредложениот член, Одборот на директори на Депозитарот достави Предлог Одлука за избор на г. Зоран Петровски за член на Одборот, која што беше едногласно усвоена на 31. Собрание на акционери.

<u>Внатрешна ревизија</u>

Согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2025 г., од страна на лицето задолжено за внатрешна ревизија, изработени се четири внатрешни ревизорски извештаи и тоа за:

- Ревизија на спроведување на корпоративно дејство – спојување и поделба на акции (анализа на конкретен случај), со цел оценка на воспоставениот интерен контролен систем и усогласеноста со важечките прописи;
- Ревизија на начин и постапка на корекција на ЕМБГ на имател на обврзници за денационализација и дополнување на емисија на обврзници од денационализација, во насока на оценка на усогласеноста на постапките со интерните акти и законската регулатива и точноста на евиденциите;
- Ревизија на процесот на тестирање на Планот за континуитет на работењето (ПКР) кој ЦДХВ го извршува заедно со своите членки, за добивање разумно уверување за конзистентноста на активностите за обезбедување непрекинатост во работењето;
- Ревизија на пријавување на побарување во стечајни постапки, со фокус на системот на внатрешни контроли и усогласеноста на постапките за следење на навременото пријавување во случај на иницирање на стечајни постапки.

Во извештаите на внатрешниот ревизор не се констатирани неправилности, а за неколку процеси се дадени препораки за подобрување на процесите.
Изготвени се Полугодишен и Годишен извештај за извршените внатрешни ревизии.

## 9. Меѓународна соработка

<u>АННА</u>

- Од 19-20.06.2025, во Сплит, Хрватска се одржа Генералното собрание на АННА на кое присуствуваа претставници од Депозитарот. На собранието беа разгледани следните теми: Системски преглед на ИСО 6166 стандардот; Годишни сметки и ревизорски извештаи за 2024; Назначување на ревизор за финансиските години 2025-2027; Состојба на подружниците (AIC, DSB и IEC); беа примени нови членки на АННА; беа избрани двајца членови на одборот, и односи со јавноста и маркетинг, На собранието, на 18.06 му претходеше Meet the market (Запознај го пазарот) каде свои излагања имаа Гувернерот на Народната банка на Република Хрватска и високи претставници од Министерството за финансии на Република Хрватска.

- Од 03-04.12.2025г. во Мускат, Оман се одржа Вонредното Генерално собрание на АННА. Депозитарот беше претставен на Собранието преку полномошно на Sredisnje Klirinsko Depozitarno Drustvo, Хрватска. На собранието беа примени пет нови полноправни членки и три партнерски организации, беше усвоен предлог буџетот за 2026, а во рамки на собранието беа одржани и презентации за работата на повеќе работни групи во состав на АННА. Следното Собрание на АННА ќе се одржи од 10 до 12 јуни, 2026 во Цирих, Швајцарија.
- Во текот на 2025г. до системот на АННА беа испраќани податоци за хартиите од вредност регистрирани во Депозитарот на дневно ниво, а беа доставени и четири мастер фајлови со податоци за сите активни ИСИН кодови.

<u>ЕЦСДА</u>

- Во текот на 2025г. од страна на ECSDA редовно беа испраќани материјали за активностите и работата на работните групи во врска со повеќе актуелни теми како што се: подготовките за преоѓање на Т+1 режим на порамнување на трговските трансакции кој треба да започне да се применува од октомври 2027 година; консултациите на Европската комисија во врска со интеграцијата на европските пазари на капитал во рамки на стратегијата за Унијата за штедење и инвестирање (Saving and investment union) која претставува клучна иницијатива за подобрување на начинот на кој финансискиот систем на ЕУ ги насочува заштедите кон продуктивни инвестиции.
- На 10.06.2025. се одржа состанок на Одборот на директори на ЕЦСДА и редовното Генерално собрание, а темите кои се разгледуваа беа миграцијата кон порамнување на Т+1, дискусија и подготвување на одговор кон консултацијата на Европската комисија во врска со SIU иницијативата (Унија за штедење и инвестирање) која има за цел да ги поврзе заштедите со продуктивните инвестиции. Особено важен предуслов за функционирање на Унијата е поврзаноста на депозитарите преку линкови. Претходно, на 05.05.2025 се одржа состанок на Советот на ЕЦСДА на тема поврзување на депозитарите.

- На 19.11.2025г. во Брисел, Белгија се одржа Пост-трговската Конференција на ЕЦСДА, а на 20.11.2025г. се одржа состанок на Советот на ЕЦСДА (Senior CSD Industry Council Meeting). На овие настани присуствуваа претставници од раководството на Депозитарот. Актуелни теми на Конференцијата беа Европската пост-трговска интеграција; Патеките до Т+1 порамнувањето; Идниот развој на пазарните инфраструктури и Геополитичките влијанија од пост-трговските активности. Теми на состанокот на Советот на ЕЦСДА беа главните предизвици околу воведувањето на порамнувањето на Т+1, дигитализацијата и токенизацијата на инфраструктурите за издавање на финансиски инструменти, Пакетот за Унијата за штедење и инвестирање (SIU package) и чекорите кои ги преземаат депозитарите

за поддршка на овие реформски иницијативи. Во рамки на состанокот беа одржани и презентации на работата на повеќе работни групи во состав на ЕЦСДА.

Останато

- На 25ти август 2025 година во Загреб, Хрватска, од страна на министрите за финансии беше потпишан Меморандум за соработка меѓу осум земји: Хрватска, Словенија, Словачка, Полска, Романија, Бугарија, Унгарија и Северна Македонија. Настанот, кој се одржа под покровителство на Министерството за финансии на Хрватска, има за цел да ја зацврсти регионалната соработка во областа на пазарите на капитал. Со меморандумот се најавува усогласување на регулативата, зголемување на ликвидноста и видливоста на националните пазари, како и воспоставување на заеднички регионален берзански индекс. Овој чекор претставува продолжение на договорот од крајот на 2024 година меѓу осумте берзи и добива силна политичка поддршка на владите како основа за понатамошна интеграција и модернизација на пазарите на капитал во регионот. На настанот присуствуваше Извршната директорка на депозитарот.
- Во текот на 2025г, се одржаа состаноци на депозитарите за креирање на пост-трговска поддршка на иницијативата на берзите за поврзување во рамки на иницијативата образложена погоре. Целите на интеграцијата се помали трошоци и поедноставување на порамнувањето на прекугрничните трансакции, зголемена транспарентност и поефикасно управување со ризиците, зголемена атрактивност за глобалните инвеститори и намалување на фрагментираноста на пазарите на капитал. На 26.08.2025т., во Загреб, Република Хрватска, се одржа состанок со претставници на централните депозитари од сите осум земји потписнички на меморандумот на кој присуствуваше Извршната директорка на депозитарот. Состанокот е продолжение на серијата месечни состаноци координирани од EBRD на кои се разгледуваат начини за поврзување на депозитарите, односно овозможување на непречени трансакции со хартии од вредност на пазарите учесници во иницијативата. На состанокот беа разгледувани две предлог-концептуални решенија, едно на Полскиот депозитар KDPW и второ на хрватскиот депозитар – SKDD. Овие две предлог решенија, во оваа фаза се разгледуваат како изводливи, а не е исклучено моделот да биде хибрид на двата предлога.
- На 14 и 15.09.2025г., претставници од Депозитарот на покана на Министерството за финасии на РСМ, беа дел од делегацијата при студиската посета на Министерството за финансии на Република Хрватска. Во рамките на посетата, од страна на Министерството за финасии на Република Хрватска беше презентиран Проектот за Народни обврзници, иницијатива која веќе две години успешно се спроведува во Република Хрватска. При посетата беа остварени средби и беа одржани презентации и од клучните институции на пазарот на капитал во Република Хрватска - Министерството за финансии на Република Хрватска - секторот за јавен долг, FINA – Финансиската Агенција, HANFA – регулаторот на финансиски институции, Загребачката Берза и Централниот депозитар – SKDD.
- Врз основа на официјалната Покана од Централниот регистар, депо и клиринг на хартии од вредност (CRHoV) од Република Србија претставници од Депозитарот присуствува на свеченоста по повод 35 години од современиот пазар на капитал во Република Србија, која се одржа на 02.10.2025 година во комплексот Бели двор во Белград. Во духот на унапредување на меѓународната соработка и размена на искуства, учеството на овој настан овозможи промоција на соработката помеѓу клучните институции на пазарот на капитал во регионот. Настанот беше конципиран како свечен прием со учество на околу 400 гости од регулаторните тела, пазарните инфраструктури од регионот и меѓународните организации.

• И оваа година Депозитарот беше дел од проектот на Асоцијацијата на глобални старатели – AGC за прибирање на информации од депозитарите. Прашалникот беше испратен преку платформата WFC Single Disclosure Report 2025-2026.

• Во текот на 2025г од страна на Депозитарот беа соодветно ажурирани податоците на платформата за следење на ризици na Thomas Murray со цел одржување на доделениот рејтинг А (низок ризик).

## 10. Едукативни и промотивни активности во текот на 2025 година

Едукативни активности

• Во првиот квартал во 2025 г. беше одржана иницијална обука на вработените за користење на ДМС (Document menagment system) системот, како и обука на вработените во архивата за електронско архивирање.

• Во вториот квартал во 2025 г. беше одржана обука на раководителите на дирекциите во Депозитарот за имплементација на новиот Правилник за безбедност на обработката на личните податоци.

• Во јуни 2025 г. вработени од Депозитарот присуствуваа на Работилница за дигитални комуникации за финансиска писменост во контекст на Програмата за дознаки и плаќања финансирана од Швајцарскиот секретаријат за економски прашања (SECO) која е дел од активностите поврзани со имплементација на препораките од Националната стратегија за финансиска едукација и инклузија.

• Во третиот квартал, на покана на КХВ, а во рамките на Програмата за обука за ЕУ финансиска регулатива 2025, реализирана од Ashurst LLP, со поддршка на Европската банка за обнова и развој (ЕБРД) и Големото Војводство Луксембург, вработени во Депозитарот учествуваа на четиридневна обука насочена кон следните директиви и регулативи на Европската Унија:

- Директива за пазари на финансиски инструменти (MiFID II),
- Директива за злоупотреба на пазарот (MAD),
- Регулатива за централни депозитари на хартии од вредност (CSDR) и
- Директива за транспарентност.

• Во согласност со стандардите за информатичка безбедност и интерните политики за едукација и подигнување на свесноста за сајбер безбедност, сите вработени од Депозитарот на крајот на 2025 г. беа упатени да ја повторат on line обуката за сајбер безбедност, достапна на веб-страницата на АЕК, со цел да го освежат знаењето и да ги обноват основните принципи на безбедно работење во дигитална средина.

• Вработени во Депозитарот присуствуваа на 3-тата AmCham конференција за дигитализација која се одржа на 10-ти декември, во Скопје. 3-тата AmCham конференција за дигитализација, насловена „Од визија до акција: Создавање системи кои даваат резултати“, беше фокусирана на забрзување на дигиталната трансформација во Северна Македонија преку унапредување на институционалната отпорност, сајбер безбедноста и поврзувањето на податоците. Програмата опфати клучни реформи во јавните приходи преку е-фактурирање , дигитализација на енергетскиот и финансискиот сектор за усогласување со ЕУ стандардите.

• На 11 Декември 2025 година, вработен во Депозитарот присуствуваше на работилница за подигање на свеста на високо ниво за Резолуциите 1267 и 1373 на Советот за безбедност на ОН, организирана од страна на Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал, Регионална канцеларија за Југоисточна Европа (UNODC ROSEE). На настанот учествуваа 37 учесници од органите за спречување на перење пари/финансирање на тероризам во државата, како и субјекти од приватниот и финансискиот сектор што поднесуваат извештаи и кои се обврзани според националните законодавни прописи за спроведување на Резолуциите 1267 и 1373 на СБ на ОН.

• Претставници од Депозитарот присуствуваа на 16 - тата меѓународна Конференција за плаќања и пазарни инфрастуктури која се одржа на 28 и 29 октомври 2025г во Охрид во организација на Народната банка на РСМ и Централната банка на Холандија. Конференцијата ја отворија  Гувернерот на Народната банка на РСМ д-р Трајко Славески и Inge van Dijk, Директор за плаќања и пазарни инфраструктури од Централната банка на Холандија, а на воведниот Панел на Конференцијата  свои согледувања имаа Гувернерите на централните банки од регионот. Главни теми на Конференцијата беа СЕПА интеграцијата – ново поглавје во плаќањата; Испорака на инстант плаќања - Регулатива, инфраструктура и регионална соработка;  Дигитално нарушување во плаќањата: Перспектива на регулаторите; нови играчи и нови патеки во еволутивниот пејзаж на плаќањата.

Промотивни активности

• На традиционалната берзанска конференција која се одржа во Охрид, излагање имаше и Извршната директорка на Депозитарот г-ѓа Даринка Дамјановиќ. Излагањето беше во форма на дијалог со г. Даниел Ленардиќ од KPMG Croatia, клучен експерт кој работи на Проектот поддржан од ЕБРД за унапредување на работењето на Депозитарот. Притоа, преку дискусија, од страна на екпертот пред пошироката публика беа потенцирани клучните предизвици и насоки за развој на депозитарот, од аспект на редефинирање на услугите кои ги нуди Депзоитарот и надоместоците кои ги наплаќа. Разговорот се одвиваше во присуство на претставници од Комисијата за хартии од вредност и Министерството за финансии, како надлежни институции кои имаат клучна улога во одобрувањето на предусловите и поддршка за идниот стратешки развој на Депозитарот.
• Во рамките на „Деновите на финансиска писменост“, на ден 27.11.2025 година, во посета на Депозитарот беа ученици и нивни професори од Средното училиште “Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија. Учениците беа запознаени со надлежноста на Депозитарот, организациската поставеност, начинот на кој Депозитарот ги врши своите функции. Целта на овие презентации, како поддршка на заедничкиот проект на финансиските институции „Денови на финансиската писменост“ е да се запознаат учениците со можностите и придобивките од инвестирање во хартии од вредност, значењето на финансиската едукација како еден од клучните елементи во процесот на инвестирање, улогата на Депозитарот во поглед на сигурно и безбедно чување на хартиите од вредност и улогата на останатите институции, како неоходни чинители во функционирањето на системот на пазарот на капитал воопшто.

## 11. Други активности во текот на 2025 година

• Во врска со решавањето на статусот на деловниот простор, по иницијативи на Депозитарот одржан е состанок со МФ, при што од страна на претставници од МФ е укажано дека имотно-правниот статус може да се решава исклучиво по судски пат за да се добие пресуда која би била основ за запишување во катастарот на недвижности. По извршени консултации со адвокатско друштво и надлежни институции, Одборот на директори го задолжи Извршниот директор да ги преземе потребните активности за поведување судска постапка пред надлежен суд.
• Со цел оптимизација на работните процеси и намалување на оперативното оптоварување на расположливите човечки ресурси, Депозитарот и во овој квартал продолжи со интензивни активности за финализирање на Договорот со Управата за јавни приходи. Основната цел на овој договор е системско регулирање на меѓусебните права и обврски при размената на податоци, што ќе овозможи поголема експедитивност во обезбедувањето на услугите. Во рамките на овој процес, до УЈП беа доставени неколку ревидирани предлози за усогласување на текстот. Иако најголемиот дел од одредбите се веќе дефинирани, преостануваат уште неколку

аспекти во делот на заштитата на личните податоци и информатичката безбедност кои бараат дополнително прецизирање.

- Во текот на месец декември 2025 години склучен е Договор со Мур Стивенс ДОО Скопје за надворешна ревизија на финансиски извештаи, за годината која завршува на 31 декември 2025 година и потоа од страна ан стручните служби започнати се подготвителни активности со цел навремено обезбедување на документација.
- Во текот на 2025 г. продолжија активностите поврзани со измените на Договорот за техничко одржување, обезбедување и противпожарна заштита на објектот „Комплекс банки“ од 2006 година, при што беа разменети повеќе верзии на предлог-анекси меѓу корисниците на објектот. Депозитарот достави забелешки, особено со укажување на потребата Елаборатот за понатамошно одржување да биде прифатлив за сите корисници од финансиски и организациски аспект. Во текот на годината повторно имаше иницијативи за редефинирање на обврските на корисниците, но дефинитивен став во однос на поделбата на техничко одржување, обезбедување и противпожарна заштита на објектот „Комплекс банки“ не е постигнат.
- Во јули 2025 вработени во Депозитарот учествуваа на состанокот во организација на Министерството за финансии на РСМ, а на кој консултантот Emmitt Summers, ангажиран од страна на Трезорот на САД, ги презентираше Terms of Requirements (ToR) кои се однесуваат на изработката на нова платформа на аукции на ДХВ. На состанокот, вработените беа запознаени со препораката на консултантот заедно со Министерството за финансии да го вклучи Депозитарот во процесот на паричното порамнување на примарните емисии на државните хартии од вредност.

- Во септември 2025г, претставници на Депозитарот присуствуваа на состанокот во организација на Народната банка на РСМ поврзано со платниот систем. Имено, во рамки на активностите за модернизација на платниот систем, Народната банка планира да воведе нов софтвер за МИПС, преку кој системот ќе се прилагоди на меѓународниот стандард ISO 20022 во втората половина од 2026 година. Новиот софтвер ќе го задржи постојниот опсег на функционалности, но сепак ќе бара прилагодувања во информациските системи на учесниците и навремено планирање на потребните активности од страна на банките/учесниците во МИПС. Овој чекор е клучен за обезбедување ефикасност, сигурност и интероперабилност на системот. На работилницата беа презентирани и дискутирани клучните аспекти на преминот кон новиот софтвер, вклучувајќи ја временската рамка за негово воведување, како и интеграцијата на новите платни пораки според ISO 20022 стандардот. Дополнително, беше разговарно за тоа како овие пораки ќе се разменуваат со други платни системи, што ќе овозможи поефикасна интероперабилност и поддршка за идни активности во рамки на национални и прекуграничните платежни трансакции.

- Извршниот директор, согласно одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање на терозирам и Програмата на Депозитарот за за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам, до Одборот на директори достави Извештај за резидуалното ниво на ризик од перење пари и финансирање на тероризам на кој е изложен Депозитарот. Извештајот содржи информации за: извршената контрола од страна на овластеното лице; редовните активности за спречување на ППФТ; број на пријавените сомнителни трансакции или активностите на клиентите до УФР, како и оние за кои е одлучено да не се пријавуваат; воспоставувањето или продолжувањето на деловните односи со носители на јавна функција; воспоставените деловни односи со кореспондентските банки; воспоставените деловни односи со клиентите кои не се физички присутни во моментот на склучувањето или извршувањето на деловниот однос; клиентите кај кои деловниот однос се одвива преку користење нови технологии и технологии во развој;

останатите клиенти коишто биле предмет на засилена анализа во извештајниот период; и извршените обуки од страна на овластеното лице и вработените, како и присуство на семинари и обуки.

- Во текот на 2025 г., Депозитарот постапуваше по барања на Министерства, Агенции, Комисии, Дирекции, Фондови, Управа за јавни приходи, Заложен регистар, ЈУ-Центри за социјални работи, Здруженија на граѓани и сл, нотари, адвокати, извршители, стечајни управници и останати физички и правни лица за издавање на потврди, извештаи, акционерски книги, како и издавање на податоци поврзани со тековното работење на Депозитарот, како и барања на податоци од историската база на податоци. По сите комплетирани барања е постапено и доставени се бараните извештаи или изготвени се одговори, во зависност од содржината на предметот на барањето.

- На почетокот на 2025г., согласно обврската од Законот за трговски друштва, спроведен е Попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со состојба на ден 31.12.2024г. Притоа утврдено е дека нема отстапувања на средствата и обврските со сметководствената и фактичката состојба.

- Согласно прописите за архивско работење, донесени се Планот и Листите на архивски и документарен материјал за 2026 година, а истовремено е спроведена и соодветна постапка за издвојување на документарниот материјал на кој му е истечен рокот на чување заради негово уништување.

- Од аспект на архивското работење, во рамките на последниот квартал од 2025 г . потпишан е договор за уништување на документарен материјал чиј рок за чување е изминат. Уништувањето на материјалот е во согласност со прописите кои го уредуваат архивското работење, но и прописите од областа на заштита на личните податоци.

- Во месец јануари 2025г беше реализирана обврската на Депозитарот за доставување на акционерските книги во електронска форма на Акционерските друштва. Беа испратени 111 акционерски книги (по ИСИН број), до 108 акционерски друштва. Не беа доставени акционерски книги до 80 издавачи кои не ги намириле обврските по основ на годишен надомест за водење на издадените хартии од вредност за претходната година, до 16 друштва кои ги подигнале акционерските книги на рака во просториите на Депозитарот пред да бидат испратени, како и до 240 издавачи кои склучиле Договор за пристап на Порталот за инвеститори и издавачи, преку кој имале бесплатен пристап до акционерските книги со состојба на ден 31.12.2024г.
- Депозитарот учествуваше и во изработка на Придонесот кон Извештајот на ЕК за Поглавје 9 Финансиски услуги со одговори на прашања од својата надлежност.

## 12. Примања на неизвршните членови на Одборот на директори на ЦДХВ АД Скопје

Одборот на Директори на ЦДХВ АД Скопје, на 31.12.2025 година, го сочинуваат следните неизвршни членови наведени во овој табеларен преглед:

| **Име и презиме** | **Работодавец / Дејност** | **Членство во органи на управување на други трговски друштва** |
|---|---|---|
| Иван Штериев | Македонска берза АД Скопје<br>Дејност: Други финансиско-услужни дејности | ЦДХВ АД Скопје, Претседател на Одбор на директори |
| Зоран Петровски | Шпаркасе банка Македонија АД Скопје<br>Дејност: Финансиско посредништво и банки | ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори |
| Антигона Буклеска Младеновиќ | Комерцијална Банка АД Скопје<br>Дејност: Финансиско посредништво и банки | ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори |
| Бобан Говоски | ТТК Банка АД Скопје<br>Дејност:Финансиско посредништво и банки | ➢ АД Тетекс Тетово – извршен член, член на надзорен одбор на ТТК банка АД Скопје и<br>➢ ЦДХВ АД Скопје, неизвршен член на Одбор на директори |
| Проф. др. Ѓорѓи Гоцков | УКИМ - Економски факултет<br>Дејност: Високо образование и научно-истражувачка работа | ЦДХВ АД Скопје-неизвршен, независен член на Одбор на директори |
| Ирена Николовска | / | ЦДХВ АД Скопје-неизвршен, независен член на Одбор на директори |
| Проф. Др. Александар Стојков | УКИМ - Правен факултет<br>Дејност: Високо образование и научно-истражувачка работа | ЦДХВ АД Скопје-неизвршен, независен член на Одбор на директори |

Остварените надоместоци од членување во органи на управување на други трговски друштва, како и надоместоци по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата како и бонуси, осигурувања и други реализирани права кај работодавецот за г-динот Иван Штериев и г-динот Бобан Говоски се прикажуваат во годишните извештаи на Македонската Берза АД Скопје и Тетекс АД Тетово/ТТК банка АД Скопје како друштва во чии органи на управување членуваат.
Годишните примања за 2025 година на останатите неизвршни членови на Одборот на директори на ЦДХВ се следните по редослед според табеларниот преглед во нето износ: 2.052.976,00 денари плата и 481.346,00 денари надоместоци на плата; 6.008.405,00 денари плата, надоместоци на плата, бонус, премија за осигурување на живот; 2.595.467,00 денари плата и надоместоци на плата; /; 1.584.876,00 денари плата и 545.380,00 денари надоместоци на плата.
По основ на членство во Одборот на директори на Депозитарот на сите неизвршни членови им се исплатува месечен надомест во нето износ од 15.000 денари.
Поради успешно завршена деловна година, а согласно *Одлуката за исплата на награда на неизвршни членови на Одбор на директори на Собранието на акционери*, за 2025та година следи награда во износ од 4 месечни паушали по член на Одборот, соодветно според периодот на членство во Одборот во 2025 година.
Извршниот директор не членува во органи на управување на други друштва и податоците за неговите примања се дадени во глава 13 од овој Извештај.

Податоците за надоместоците и другите примања на неизвршните членови на Одборот на директори, како и за нивното членство во други одбори, се засноваат на информациите што секој член лично ги достави до Депозитарот.

## 13. Остварени финансиски резултати во 2025 година

Во деловната 2025 година, Депозитарот оствари вкупни приходи во износ од 56,206 милиони денари.

Во однос на 2024 година вкупните приходи остварени во 2025 година, покажуваат намалување за 11,412 милиони денари, или процентен пад од 17%.

Во однос на планираната годишна проекција, вкупните приходи остварени во 2025 година покажуваат реализација од 97%.

Намалувањето на реализацијата на вкупните приходи во 2025 година во однос на 2024 година, главно е резултат на намалена реализација на вкупните реализирани приходи по основ на порамнување, како и намалени приходи од услуги кон правни лица и приходи од надомест за иницијален пристап во системот на ЦДХВ на нови акционерски друштва.

### Приходи

Приходи од вложувања

Приходите од камати во 2025 година се реализирани во износ од 3,060 милиони денари и претставуваат 5,44% од вкупните приходи. Во вкупните приходи од камати се остварените приходите од камати на орочени депозити, остварени приходи од камата од вложени средства во краткорочни државни хартии од вредност-државни записи, како и остварените приходи по основ на принос од продажба на удели во парични фондови. Вкупните остварени приходи од камати, покажуваат зголемување за 325 илјади денари или процентен пораст од 12% во 2025 година во однос на 2024 година.

Во однос на планираната годишна проекција, остварените приходи по овој основ покажуваат зголемување за 160 илјади денари или процентен пораст од 6%.

На 31.12.2025 година Депозитарот има денарски депозити во вкупен износ од 57,000 милиони денари орочени на 12 (дванаест) месеци во следните Банки: Шпаркасе Банка АД Скопје (23,000 милиони денари), Халкбанка АД Скопје (5,000 милиони денари), Стопанска Банка АД Скопје (10,000 милиони денари), ТТК Банка АД Скопје (10,000 милиони денари) и УНИ Банка АД Скопје (9,000 милиони денари) со каматни стапки кои се движат од 2,95% до 3,40%.

На 31.12.2025 година Депозитарот има краткорочни вложувања кои се чуваат до доспевање (до една година), т.е. вложувања во краткорочни државни хартии од вредност (државни записи) во вкупен износ од 32,000 милиони денари со каматна стапка од 3,80%.

Приходи од провизии и надоместоци

Вкупните приходи по основ на провизии и надоместоци за 2025 година изнесуваат 52,115 милиони денари и претставуваат 92,73% во структурата на вкупните приходи. Вкупните остварени приходи по основ на провизии и надоместоци покажуваат намалување за 12,141 милиони денари или процентен пад од 19% во деловната 2025 во однос на 2024 година.

Во однос на планираната годишна проекција во финансискиот план за 2025 година, вкупните остварени приходи од провизии и надоместоци покажуваат реализација од 96%, односно намалување од 4% во однос на планираната проекција.

Подетално подолу се презентирани сите видови приходи од провизии и надоместоци поединечно:

- Остварените приходи од членките на Депозитарот по основ на нивната годишна членарина за 2025 година изнесуваат 1,060 милиони денари.
  Во вкупните приходи, овие приходи учествуваат со 1,89%. Реализацијата на приходите по овој основ покажува зголемување за 280 илјади денари или процентен пораст од 36% во деловната 2025 година во однос на 2024 година. Зголемувањето на приходите по овој основ главно се должи на поголем исфактуриран надомест за пристап за членство, заради помали реализирани приходи по основ на порамнување на трансакции со акции и обврзници на овластена берза. Во рамките на планираната проекција приходите по основ на годишна членарина покажуваат зголемување за 148 илјади денари или процентен пораст од 16%.
- Остварените приходи по основ на порамнување во 2025 година изнесуваат 19,165 милиони денари. Во вкупните приходи учествуваат со 34,1%. Приходите по основ на порамнувањето на акции и обврзници на овластената берза го носат поголемото учество во структура на вкупните реализирани приходи од членките. Остварените приходи по основ на порамнување покажуваат намалување за 7,846 милиони денари или процентен пад од 29% во 2025 година во однос на 2024 година.
  Во однос на планираната проекција остварените приходи по основ на порамнување на трансакции покажуваат намалување за 1,355 милиони денари или процентен пад од 7% во 2025 година во однос на финансискиот план за 2024 година.
- Остварените приходи по основ на иницијален пристап во системот на Депозитарот за издавач на хартии од вредност изнесуваат 112 илјади денари. Учеството на овие приходи во вкупните приходи изнесува 0,20%. Остварените приходи по основ на иницијален пристап на друштвата во системот на Депозитарот бележат процентен пад, како во поглед на нивната реализација во 2025 година во однос на 2024 година, така и во однос на планираната годишна проекција за 2025 година.
  Во однос на реализацијата, приходите по основ на иницијален пристап покажуваат намалување за 96 илјади денари или процентен пад од 46% во 2025 година во однос на 2024 година. Во однос на годишната планирана проекција реализираните приходи по основ на иницијален пристап покажуваат намалување за 48 илјади денари или процентен пад од 30%.
- Остварените приходи по основ на годишна евиденција за хартии од вредност, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците хартии од вредност во 2025 година изнесуваат 15,365 милиони денари. Во вкупните приходи учествуваат со 27,34%. Реализираните приходи по основ на годишната евиденција на хартии од вредност покажуваат зголемување за 222 илјади денари, но главно нивната реализација е со иста динамика како и во 2024 година.
  Вкупните остварени приходи по основ на годишната евиденција на хартии од вредност покажуваат реализација од 97% во 2025 година, т.е намалување за 556 илјади денари или процентен пад од 3% во однос на планираната годишна проекција за 2025 година.

- Остварените приходи по основ на годишен надомест за водење на евиденција на должнички долгорочни хартии од вредност со кои се тргува и не се тргува на пазарот, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на должнички долгорочни хартии од вредност изнесуваат 3,166 милиони денари. Приходите по овој основ учествуваат во вкупните приходи со 5,63%. Остварените приходи по основ на годишен надомест за водење на евиденција на должнички долгорочни хартии од вредност со кои се тргува и не се тргува на пазарот, како и годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на должнички долгорочни хартии од вредност се зголемени за 198 илјади денари или процентен пораст од 7% во деловната 2025 година во однос на 2024 година.
  Остварените приходи по овој основ  покажуваат зголемување за 166 илјади денари или процентен пораст од 6%, во однос на годишната планирана проекција во 2025 година.
- Остварените приходи по основ на упис на нови емисии на хартии од вредност во 2025 година изнесуваат 1,552 милиони денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 2,76%. Остварените приходи по основ на упис на нови емисии во 2025 година се зголемени за 78 илјади денари или процентен пораст од 5% во однос на 2024 година.
  Во поглед на планираната годишна проекција, остварените приходи по основ на уписи на нови емисии на хартии од вредност во деловната 2025 година покажуваат намалување за 98 илјади денари или процентен пад од 6% во однос на годишната планирана проекција за 2025 година.
- Остварените приходи од правни лица (услуги за преземање на АД, за извршени услуги по основ на упис на нетрговски преноси, нестандардни извештаи, акционерски книги во печатена форма и магнетен медиум, извршени услуги по основ на увиди и копии од акционерски книги, изводи, потврди за иматели на хартии од вредност, корпоративни дејства, приходи од извештаи генерирани преку порталот и сл.) во 2025 година изнесуваат 10,324 милиони денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 18,37%. Остварените приходи по горенаведените основи, покажуваат намалување за 4,943 милиони денари или процентен пад од 32% во 2025 година во споредба со реализираните во 2024 година.
  Во однос на планираната проекција истите покажуваат намалување во износ од 676 илјади денари или процентен пад од 6% во 2025 година во однос на годишната планирана проекција за 2025 година.
- Остварените приходи од физички лица (за извршени услуги по основ на нетрговски преноси, увиди и копии од акционерски книги, изводи, потврди и слично) изнесуваат 1,371 милиони денари. Во вкупните приходи истите учествуваат со 2,44%.
  Во 2025 година остварените приходи по овој основ се зголемени за 295 илјади денари или процентен пораст од 27% во однос на реализираните приходи во 2024 година. Остварените приходи по основ на приходите од услуги на физичките лица во однос на годишната планирана проекција за 2025 година, покажуваат намалување за 29 илјади денари или процентуален пад од 2%.
- Вкупните остварени останати приходи од дејност во 2025 година изнесуваат 1,031 милиони денари. Овие приходи од дејност учествуваат со 1,83% во вкупните приходи.
  Во вкупните останати приходи од дејност се приходи по основ на позитивни курсни разлики, наплатени побарувања по исправка, наплатени провизии за услуги, приходи од поврат на полиса за менаџерско осигурување, како и други наплатени приходи. Вкупните остварени приходи од дејност во 2025 година

покажуваат зголемување за 403 илјади денари или процентен пораст од 64% во 2025 година во однос на 2024 година. Во однос на планираната проекција останатите приходи од дејност покажуваат зголемување за 430 илјади денари или процентен пораст од 72%.

**<u>Расходи</u>**

Во однос на 2024 година вкупните расходи остварени во 2025 година, покажуваат намалување за 1,292 милиони денари, или процентен пад од 3% во 2025 година во однос на 2024 година.

Во однос на планираната годишна проекција, покажуваат намалување за 1,385 милиони денари, или процентен пад од 3% во однос на планот за 2025 година.

Намалувањето на реализираните вкупни расходи во најголем дел се должи на намалениот расход кон регулаторот (надоместокот на Комисијата е директно поврзан со редовните приходи од деловното работење).

Подетално подолу се презентирани сите видови реализирани расходи:

- Во 2025 година расходите за провизии и надоместоци главно се состојат од трошоци за банкарски провизии и истите изнесуваат 702 илјади денари. Расходите по овој основ во вкупните расходи учествуваат со 1,53%. Трошоците за провизии за банки покажуваат зголемување за 281 илјади денари или процентен пораст од 67% во 2025 година во однос на 2024 година. Трошоците за банкарски провизии и надоместоци во однос на годишната планирана проекција покажуваат зголемување за 252 илјади денари или процентен пораст од 56% во однос на планираното ниво. Ваквото зголемување на банкарските провизии и надоместоци во 2025 година произлегува од реализирањето на услугата за посредување во исплата на дивиденда за акционерски друштва за 2024 година.
- Вкупните реализирани трошоци на име плати и трошоци по колективен договор (редовни бруто плати, бруто награди, регрес, и друго) изнесуваат 20,852 милиони денари и во структурата на вкупните расходи учествуваат со 45,32%.
  Во оваа категорија на трошоци се следните:
  - вкупен износ на бруто редовни плати во износ од 19,149 милиони денари, т.е. редовни бруто плати на вработените во износ од 16,045 милиони денари и бруто платата за извршниот директор во износ од 3,104 милиони денари.
  - бруто награда за вработените во износ од 850 илјади денари и награда за извршниот директор во износ од 347 илјади денари.

  Во рамките на вкупните реализирани трошоци за вработените се трошоците по основ на колективен договор и тоа:
  - регрес за годишен одмор, здравствени прегледи,стручно оспособување и надомест за смрт на член на семејство во вкупен износ од 506 илјади денари.

  Вкупните реализирани трошоци за плати како и трошоците по основ на колективен договор во 2025 година покажуваат зголемување за 242 илјади денари или 1% процентен пораст, додека во однос на проекцијата за 2025 година се во рамките на планираната проекција.
- Реализацијата на вкупниот трошок на амортизација изнесува 2,800 милиони денари во 2025 година. Трошокот на амортизација учествува во вкупните расходи со 6,08%. Реализацијата на вкупниот трошок за амортизација покажува зголемување од 61 илјади денари или 2% процентуален пораст, а во однос на планираната проекција

намалување од 130 илјади денари или 4% процентуален пад што е во рамките на реализацијата како и во 2024 година.

- Исправката на вредност на побарувањата од акционерски друштва во 2025 година изнесува 633 илјади денари. Исправката на вредност на побарувањата од акционерски друштва, како трошковна ставка учествува со 1,38% од вкупните расходи на Депозитарот за 2025 година. Во рамките на трошокот на име исправка на вредноста на побарувањата е редовната исправка на акционерски друштва кои доцнат во наплатата, исправка на акционерски друштва во стечај, како и исправката на акционерски друштва за кои според утврдени критериуми е направено обезвреднување поради неизвесноста на нивните плаќања.
  Реализацијата на трошокот за исправка на вредноста на побарувањата покажува намалување како во однос на реализацијата во 2024 година, така и во однос на годишната планирана проекција. Намалувањето на трошокот на исправка на побарувањата во 2025/2024 година во износ од 314 илјади денари, или процентен пад од 33% во 2025 година во однос на 2024 година, но и намалување во износ за 217 илјади денари или процентен пад од 26% во 2025 година во однос на планот.

Останатите расходи од дејност изнесуваат 21,026 милиони денари. Овие расходи учествуваат со 45,70% во вкупните расходи на Депозитарот.

Во рамките на останатите расходи од дејност се јавуваат следните трошковни ставки:

- Трошокот за регулаторниот надоместок спрема КХВ на РСМ за надзор на Депозитарот изнесува 9,381 милиони денари. Трошокот за надоместокот кон КХВ учествува со 20,39% во структурата на вкупните расходи. Во однос на останатите расходи од дејност, надоместокот кој Депозитарот го плаќа кон КХВ учествува со 44,61% како најголем трошок во неговата структура. Реализираниот трошок-провизија по основ на овој регулаторен надоместок покажува намалување за 2,185 милиони денари или процентен пад од 19% во 2025 во однос на 2024 година.
  Во однос на годишната планирана проекција за 2025 година овој трошок покажува намалување за 437 илјади денари или процентен пад од 4% во 2025 година. Намалувањето се должи на намалена реализација во 2025 година во однос на 2024 година на вкупни реализирани приходи од услуги по Тарифа во 2025 година во однос на 2024 година.
- Материјалните и слични трошоци во 2025 година изнесуваат 2,049 милиони денари со учество од 4,45% во вкупните расходи. Во овие трошоци спаѓаат канцелариски материјал, трошоци за електрична струја, парно, гориво, вода, ѓубретарина, потрошен ситен инвентар, автогуми и амбалажа, одржување хигиена, материјални трошоци за заедничките служби во Комплексот згради НБРСМ, резервни делови, потрошен материјал, списанија и стручна литература. Овие расходи во 2025 година се намалени за 132 илјади денари или процентен пад од 6%, во однос на 2024 година.
  Во однос на планираната проекција за 2025 година, овие трошоци се реализирани со намалување за 451 илјади денари или пад од 18%. Трошоците на име материјални и слични трошоци се тесно поврзани со деловното работење на Депозитарот.
- Трошоците за услуги изнесуваат 3,420 милиони денари со учество од 7,43% во вкупните расходи. Во трошоците за услуги се трошковните ставки на име трошоци за сервисни услуги за деловни активности, трошоци за поштенски услуги, телефонски трошоци, трошоци за мобилна т-фонија, нотарски, консултантски и интелектуални услуги, интернет услуги, комуникациски услуги, комунална такса, други непроизводни услуги, трошоци за плати за вработени во заедничките служби

на НБРСМ, трошоците за финансиска ревизија и други. Во 2025 година реализацијата на вкупните трошоци по основ на услуги покажува зголемување за 137 илјади денари или процентен пораст од 4%.
Во однос на годишната планирана проекција за 2025 година реализацијата на трошоците за услуги покажуваат намалување за 1,080 милиони денари или процентен пад од 24%.

- Трошоците за членовите на Одбор на директори изнесуваат 1,894 милиони денари со учество од 4,12% од вкупните расходи. Во реализираните трошоци за надомест на членови на Одбор на директори се вклучени надоместоците по основ на месечниот паушал во износ од 1,427 милиони денари, како и вкалкулирана награда за успешно реализирана деловна 2025 година во износ од 467 илјади денари согласно Одлука на собранието на акционери. Вкупните трошоци на членовите на Одбор на директори се во рамките на реализацијата во 2024 година.
- Реализираните трошоци за службени патувања во 2025 година, изнесуваат 446 илјади денари, со процентуално учество од 0,97% во вкупните расходи. Реализираниот трошок за службени патувања покажува зголемена реализација за 106 илјади денари или процентен пораст од 31% во 2025 година во однос на 2024 година, и намалување за 54 илјади денари или процентен пад од 11% во однос на планираната проекција.Реализацијата на трошоците за службени патувања е поврзана со деловното работење на Депозитарот.
- Вкупните реализирани трошоци за репрезентација, реклама, спонзорство, донации и пропаганда во 2025 година изнесуваат 1,071 милиони денари со учество од 2,33% во вкупните расходи. Во вкупниот износ на трошоци за репрезентација, реклама, спонзорство, донации и пропаганда во 2025 година се реализирани трошоци за репрезентација во износ од 443 илјади денари, трошоци на име спонзорство во износ од 128 илјади денари за Годишната конференција на Македонската Берза, како и донација за настраданите во трагедијата Кочани во износ од 500 илјади денари. Вкупните трошоци по овие основи покажуваат зголемување за 577 илјади денари или процентен пораст од 117% во 2025 година во однос на 2024 година, во однос на планираната годишна проекција за 2025 година покажуваат зголемена реализација за 571 илјади денари или процентен пораст од 114%.
- Реализираните трошоци на име осигурување во 2025 година изнесуваат 448 илјади денари, со учество од 0,97% во вкупните расходи. Во трошокот за осигурување влегува реализацијата на трошокот за осигурувањето на деловниот простор, опрема и мебел, менаџерско осигурување, како и осигурување од професионална одговорност. Реализираните трошоци за осигурување во 2025 година е во рамките на реализацијата во 2024 година.
  Реализацијата на трошоците за осигурување покажуваат намалување за 102 илјади денари или процентен пад од 19% во 2025 година.
  Реализацијата на другите трошоци во 2025 година изнесува 2,317 милиони денари, со учество од 5,03% од вкупните расходи. Овие расходи во најголем дел се направени по основ на плаќање членарини за Европска Асоцијација на Централни депозитари за хартии од вредност (ECSDA), Асоцијација на национални нумерички агенции (ANNA), членарина за бизнис картичка, судски и административни такси, адвокатски трошоци трошоци за набавка на еднократни лиценци поврзани со дистрибутивниот систем и заедничкиот ИТ центар со Македонската Берза и слично.
  Реализацијата на другите останати трошоци покажува намалување за 13 илјади денари или процентен пад од 1% во 2025 година во однос на 2024 година. Во поглед на годишната планирана проекција реализацијата на други трошоци во 2025 година покажува намалување за 83 илјади денари или процентен пад од 3% во 2025 година.

* * *

Како резултат на остварени повисоки приходи од расходи, Депозитарот по Годишната сметка за 2025 година оствари добивка пред оданочување во износ од 10,192 милиони денари.
Пресметаниот данок на добивка за 2025 година е пресметан во износ од 1,179 милиони денари.
Добивката за финансиската година 2025 година изнесува 9,013 милиони денари.

* * *

**Вкупната актива** на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2025 година изнесува 124,791 милиони денари.

Во структурата на активата на Депозитарот најликвидните средства во износ од 96,408 милиони денари (паричните средства, парични средства вложени во депозити во банки орочени на 12 (дванаесет) месеци, со рок на разрочување од три дена во текот на 2025 година и краткорочни вложувања кои се чуваат до доспевање-до една година) учествуваат со 77,26%, што ја изразува финансиската стабилност на Депозитарот.

Учеството на материјалните и нематеријални средства од 16,476 милиони денари, учествуваат со 13,20% од вкупната актива.

Побарувањата од комитенти во голем дел произлегуваат од годишните членарини за водење на акционерските книги на акционерските друштва, побарувањата од приходи за порамнување на овластена берза за месец декември 2025 година, како и од услугите извршени за Министерство за финансии на Република Северна Македонија (побарувања за годишниот надоместок за водењето на евиденцијата на долгорочни должнички хартии од вредност) кои се фактурирани на крајот од годината. Побарувањата од комитенти изнесуваат 9,634 милиони денари или 7,72% од вкупната актива.

Во рамките на вкупната актива се и следните ставки: вложување од 1(една) акција во АННА-Асоцијација на национални нумерички агенции во износ од 76 илјади денари и останати побарувања во вкупен износ од 1,036 милиони денари.

Во останати побарувања се побарувањата по основ на поврат на данок на добивка, како и побарувања по основ на преземени материјални и нематеријални средства од стечајни постапки и ликвидации и др.

Во рамките на вкупната актива е билансната ставка одложени приходи и однапред платени трошоци во вкупен износ од 1,161 милиони денари во која влегуваат разграничени трошоци на име лиценци кои ќе бидат активирани во 2026 година, а временски се разграничени за наредни периоди (2026-2029 година).

**Вкупната пасива** на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на 31.12.2025 година изнесува 124,791 милиони денари.

Вкупните обврски на 31.12.2025 година изнесуваат 4,911 милиони денари со учество од 3,94% во вкупната пасива.

Во рамките на вкупните обврски во вкупен износ од 4,911 милиони денари се вклучени износите обврски спрема добавувачите (1,827 милиони денари) кои достасуваат во Јануари 2026 година, износ на останати обврски (2,530 милиони денари), во кој се вклучени износите за обврски за данок на додадена вредност за м.12-2025 година (861 илјади денари), обврски за исплата на награда за успешно завршена деловна 2024 година за вработените (850 илјади денари) и извршниот

директор (347 илјади денари), награда на членови на Одборот на директори (467 илјади денари) и други останати обврски (5 илјади денари).

Во рамките на вкупните обврски во Билансот на состојба на ден 31.12.2025 година како одделни пасивни билансни ставки се вклучени износите: износ од 193 илјади денари обврска за плаќање на данок на добивка за м-12-2025 година, како и обврските по основ на одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди по основ на камата за краткорочните вложувања кои се чуваат до доспевање-државни записи во износ од 361 илјади денари.

Капиталот и резервите на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на ден 31.12.2025 година изнесуваат 119,880 милиони денари со учество од 96,06% во вкупната пасива.

Во рамките на капиталот и резервите запишаниот капитал изнесува 48.306 милиони денари, резервите 22,256 милиони денари, добивката за финансиската година 2025 година изнесува 9,013 милиони денари, и задржаната добивка во износ од 40,305 милиони денари.

**Одбор на директори**

**Скопје, Февруари 2026 година**

**Претседател**
**Иван Штериев**

## Прилог 1

### *Биланс на успех за период 01-01-31-12-2025 година*

| РБ | Приходи | 2024 | 2025 | Индекс 2025/2024 | Финансиск и план 2025 | Индекс 2025/План |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Приходи од финансирање** | **2,734,619** | **3,060,166** | **112** | **2,900,000** | **106** |
| 2 | **Приходи од провизии и надоместоци** | **64,256,303** | **52,115,391** | **81** | **54,542,767** | **96** |
| | Надомест за прием на нови членки | 330,000 | 0 | n/a | 0 | n/a |
| | Годишна членарина за членство на берзански посредници, членки ОТЦ и членки чувари | 779,514 | 1,060,020 | 136 | 912,024 | 116 |
| | Приходи од порамнување на овластена берза | 27,011,488 | 19,164,951 | 71 | 20,500,000 | 93 |
| | Надомест за иницијален пристап во системот на ЦДХВ за издавач на хартии од вредност | 208,000 | 112,000 | 54 | 160,000 | 70 |
| | Приходи од годишен надомест за водење на евиденција за акциите, годишен надомест за водење на сметки на сопствениците на акции, годишен надомест за водење на евиденцијата за акциите на издавач со пасивен статус | 15,143,135 | 15,365,486 | 101 | 15,920,743 | 97 |
| | Годишен надомест за водење на евиденција на ДХВ со кои се тргува и не се тргува на пазарот,како и годишен надомест за водење на сметки на сопственици на ДХВ | 2,967,762 | 3,166,230 | 107 | 3,000,000 | 106 |
| | Приходи од упис на емисии | 1,473,794 | 1,552,000 | 105 | 1,650,000 | 94 |
| | Приходи од правни лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 15,267,105 | 10,324,075 | 68 | 11,000,000 | 94 |
| | Приходи од физички лица за извршени услуги по Тарифа на ЦДХВ АД Скопје | 1,075,505 | 1,370,629 | 127 | 1,400,000 | 98 |
| 3 | **Останати приходи од дејност** | **627,199** | **1,030,387** | **164** | **600,000** | **172** |
| | Приходи од амортизација од донација | 0 | 0 | n/a | 0 | n/a |
| | Други приходи од дејност | 627,199 | 1,030,387 | 164 | 600,000 | 172 |
| 4 | **Вкупни приходи** | **67,618,121** | **56,205,944** | **83** | **58,042,767** | **97** |

## *Биланс на успех за период 01-01-31-12-2025 година*

| РБ | Расходи | 2024 | 2025 | Индекс 2025/2024 | Финансиски план 2025 | Индекс 2025/План |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Расходи од провизии и надоместоци** | **420,952** | **701,734** | **167** | **450,000** | **156** |
| | Провизии од банки | 420,952 | 701,734 | **167** | 450,000 | 156 |
| **2** | **Трошоци вработени** | **20,610,361** | **20,852,286** | **101** | **21,000,000** | **99** |
| **3** | **Амортизација** | **2,739,413** | **2,800,171** | **102** | **2,930,000** | **96** |
| **4** | **Исправка на вредност на побарувања** | **947,273** | **632,892** | **67** | **850,000** | **74** |
| **5** | **Останати расходи од дејност** | **22,587,515** | **21,026,468** | **93** | **22,167,726** | **95** |
| | Материјални и слични трошоци | 2,180,921 | 2,049,507 | 94 | 2,500,000 | 82 |
| | Трошоци услуги | 3,282,584 | 3,420,268 | 104 | 4,500,000 | 76 |
| | Провизија за КХВ | 11,566,134 | 9,380,769 | 81 | 9,817,698 | 96 |
| | Одбор на директори | 1,943,184 | 1,894,189 | 97 | 1,400,028 | 135 |
| | Трошоци за службени патувања | 340,259 | 445,581 | 131 | 500,000 | 89 |
| | Трошоци за репрезентација,реклама, спонзорство, донации и пропаганда | 494,129 | 1,071,592 | 217 | 500,000 | 214 |
| | Осигурување | 450,962 | 448,052 | 99 | 550,000 | 81 |
| | Други трошоци | 2,329,342 | 2,316,510 | 99 | 2,400,000 | 97 |
| **6** | **Вкупни расходи** | **47,305,514** | **46,013,551** | **97** | **47,397,726** | **97** |
| ***7*** | ***Добивка пред оданочување*** | ***20,312,607*** | ***10,192,393*** | **50** | ***10,645,041*** | 96 |
| ***8*** | ***Загуба пред оданочување*** | ***0*** | ***0*** | **0** | ***0*** | ***0*** |
| ***9*** | ***Данок од добивка*** | ***2,233,166*** | ***1,178,811*** | **n/a** | ***0*** | ***n/a*** |
| ***10*** | ***Добивка за финансиската година*** | ***18,079,441*** | ***9,013,582*** | **50** | ***0*** | ***n/a*** |
| ***11*** | ***Загуба за финансиската година*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** | ***0*** |

## *Биланс на состојба за период 01-01-31-12-2025 година*

### *АКТИВА*

| Назив на позиција | 2024<br>во денари | 2025<br>во денари | Индекс 2025/2024 |
|---|---|---|---|
| **1.Парични средства и парични еквиваленти** | **2,699,427** | **7,018,008** | **260** |
| **2.Кредити и депозити и побарувања од банки и комитенти** | **108,902,603** | **99,024,295** | **91** |
| Депозити | 65,382,066 | 57,390,551 | 88 |
| Краткорочни вложувања кои се чуваат до доспевање | 15,000,000 | 32,000,000 | 213 |
| Краткорочни вложувања расположливи за продажба | 17,097,028 | 0 | н/а |
| Побарувања од комитенти | 11,423,509 | 9,633,744 | 84 |
| **3.Вложувања во банки** | **76,471** | **76,471** | **100** |
| **4.Нематеријални средства** | **902,828** | **2,154,811** | **239** |
| 4а.Нематеријални средства | 465,911 | 903,773 | 194 |
| 4б.Нематеријални средства во подготовка | 436,917 | 1,251,038 | 0 |
| **5.Материјални средства** | **16,208,960** | **14,321,001** | **88** |
| 5а.Материјални средства | 15,951,860 | 14,321,001 | 90 |
| 5б. Материјални средства во подготовка - инвестиции во тек | 257,100 | 0 | н/а |
| 5в.Останати материјални средства | 0 | 0 | 0 |
| **6.Останати средства/Побарувања** | **114,317** | **1,036,059** | **906** |
| 6а.Побарувања од данок на добивка | 0 | 925,898 | н/а |
| 6б.Останати Побарувања | 114,317 | 110,161 | 97 |
| **7.Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **1,124,560** | **1,160,803** | **103** |
| ***ВКУПНА АКТИВА*** | ***130,029,166*** | ***124,791,448*** | ***96*** |

## *Биланс на состојба за период 01-01-31-12-2025 година*

### *ПАСИВА*

| Назив на позиција | 2024<br>во денари | 2025<br>во денари | Индекс 2025/2024 |
|---|---|---|---|
| **1.Обврски** | **8,140,496** | **4,911,153** | **85** |
| 1а.Обврски кон добавувачи | 2,384,379 | 1,827,295 | 77 |
| 1б.Останати обврски | 3,361,452 | 2,530,018 | 75 |
| 1в.Обврски по данок на добивка | 2,149,165 | 192,796 | 9 |
| 1г.Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 245,500 | 361,044 | 147 |
| **2.Капитал и резерви** | **121,888,670** | **119,880,295** | **98** |
| 2а.Запишан капитал | 48,305,935 | 48,305,935 | 100 |
| 2б.Резерви | 22,256,187 | 22,256,187 | 100 |
| 2в.Ревалоризациони резерви и останати разлики од вреднувањето | 21,956 | 0 | н/а |
| 2в.Добивка за финансиската година | 18,079,441 | 9,013,582 | 50 |
| 2г.Загуба за финансиката година | 0 | 0 | 0 |
| 2в.Задржана добивка | 33,225,151 | 40,304,591 | 121 |
| ***ВКУПНА ПАСИВА*** | ***130,029,166*** | ***124,791,448*** | ***98*** |

Прилог 2

Евидентирани нови акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2025 година

| **Назив** | **Емисија** | **Регистрација во системот на ЦДХВ** | **БР. НА НОВОИЗДАДЕНИ ХВ** | **ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ЕМИСИЈАТА** |
|---|---|---|---|---|
| Друштво за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ АД увоз-извоз Скопје | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 14.02.2025 | 37.227 ОБИЧНИ АКЦИИ | 89.344.800 МКД |
| Осигурително брокерско друштво ИНКО АД Скопје | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 28.03.2025 | 100 ОБИЧНИ АКЦИИ | 50.000 ЕУР |
| ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И ПОСРЕДУВАЊЕ ЏИ ПИ ЗЕД АД СКОПЈЕ | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 27-05-25 | 250 ОБИЧНИ | 25.000 ЕУР |
| Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ОПФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ АД Скопје | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 16-06-25 | 1.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 250.000 ЕУР |
| Акционерско друштво КОШАРКАРСКИ КЛУБ АНГЕЛИ Скопје | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 26-08-25 | 2.500 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25.000 ЕУР |
| Фудбалски клуб АРЕСИМИ-1973 АД Чегране, Гостивар | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 11-09-25 | 500 ОБИЧНИ АКЦИИ | 1.550.000 МКД |
| Друштвото за спортски дејности РАКОМЕТЕН КЛУБ СКОПЈЕ 2020 АД Скопје | ОСНОВАЧКА ЕМИСИЈА | 12-09-25 | 250 ОБИЧНИ АКЦИИ | 25.000 ЕУР |

## Евидентирани нови емисии на постојни акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2025 година

| Назив | Емисија | Регистрација во системот на ЦДХВ | Број на новоиздадени хартии од вредност | Вкупна вредност на емисијата |
|---|---|---|---|---|
| ПРОКРЕДИТ БАНКА АД СКОПЈЕ | 8-МА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 04.02.2025 | 1.600.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 8.000.000 ЕУР |
| Друштво за управување со доброволни пензиски фондови ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ | 4-ТА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 19-06-25 | 170.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 170.000 ЕУР |
| Осигурително брокерско друштво ИУТЕ САФЕ АД Скопје | 2-РА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 21-07-25 | 100.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 100.000 ЕУР |
| АД за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост | 3-ТА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 30-07-25 | 1.221.586 ОБИЧНИ АКЦИИ | 122.158.600 ЕУР |
| Друштво за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје | 2-РА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 01-09-25 | 500 ОБИЧНИ АКЦИИ | 500.000 ЕУР |
| КАПИТАЛ БАНКА АД СКОПЈЕ | 7-МА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 23-12-25 | 5.628 ОБИЧНИ АКЦИИ | 1.000.151,88 ЕУР |
| Акционерско друштво за производство, трговија и услуги СИНЦЕРИТАС АД Скопје | 3-ТА ЕМИСИЈА - ПРИВАТНА ПОНУДА | 26-12-25 | 9.317.000 ОБИЧНИ АКЦИИ | 9.317.000 ЕУР |

## Евидентирани стечаи над акционерски друштва во системот на ЦДХВ во 2025 година

| |
|---|
| ВИНКА КОНФЕКЦИЈА АД ВИНИЦА |
| СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола |
| АГД "ГРАДБА" ПРИЛЕП |
| СКЕНПОИНТ АД СКОПЈЕ |

## Акционерски друштва кои во 2025 година се повлечени во историската база на податоци на ЦДХВ заради преобразба на друштвата во ДОО

| |
|---|
| СИНГЕЛИЌ  АД СКОПЈЕ |
| ГЕРАС ЦУНЕВ КОНФЕКЦИЈА АД СТРУМИЦА |
| ГЕРАС ЦУНЕВ ТРГОВИЈА АД СТРУМИЦА |

**Акционерски друштва кои во системот на ЦДХВ во 2025 година се евидентирани дека се бришани во Ц.Р**

| |
|---|
| ВИАСС ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД СКОПЈЕ |
| ФЕМИЛИ ПАРТНЕР АД Скопје |
| АД ЗИК " ЛОЗАРО - ОВОШТАРСТВО ПРЕРАБОТКА" Куманово |
| МАК-КОМЕРЦ АД – КАВАДАРЦИ |
| АГРО-ОЛБИ АД КАВАДАРЦИ |
| АД ЖИТО СКОПЈЕ - СКОПЈЕ |

**Акционерски друштва кои во системот на ЦДХВ во 2025 година се евидентирани дека се во ликвидација**

| |
|---|
| - |

**Акционерски друштва кои во 2025 година кои се активирани во системот на ЦДХВ заради излегување од стечај со план за реорганизација на друштвото, укинато решение за стечај или ликвидација, или укинато решение за бришење од Ц.Р**

| |
|---|
| - |

**Акционерски друштва кои во 2025 година, издале корпоративни обврзници.**

| |
|---|
| УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД СКОПЈЕ |
| ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ |
| ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ |

**Акционерски друштва кои во 2025 година извршиле намалување на основна главнина на друштвото**

| |
|---|
| - |

**Акционерски друштва кои во 2025 година извршиле поништување на сопствени акции со зголемување на номинална вредност на акциите**

| |
|---|
| - |

**Акционерски друштва кои во 2025 година извршиле конверзија на номинална вредност на акции**

| |
|---|
| Р.Ж. ЕКОНОМИКА А.Д. СКОПЈЕ |
| РУДНИЦИ „БАЊАНИ“ АД с.Кучевиште |
| ПАТЕНТЦЕНТАР-КОНСАЛТИНГ АД СКОПЈЕ |
| ГРАДИНАР АД ОХРИД |

**Акционерски друштва кои во 2025 година извршиле поделба на акции**

| |
|---|
| - |